**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**Од Петотто продолжение на Дванаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 17 ноември 2006 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,18 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги завземат своите места.

Продолжуваме со работа по Дванаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците:Јован Манасиевски, Ристо Пенов, Владо Бучковски, Даниел Дончев, Ѓорѓи Оровчанец, Љубчо Георгиевски, Валентина Божиновска, Али Ахмети, Теута Арифи, Абдуљади Вејсели, Сафет Незири и Тито Петковски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Пред да продолжиме со претрес по Предлогот за донесување на закон, дозволете да ви соопштам две работи.

Прво, барам извинување зошто започнуваме со задоцнување од 20 минути, заради мои протоколарни обврски. Овој пат треба да кажам, исклучително пријатна обврска, да разговарам со пратениците на Фламанскиот Парламент, поточно со Комисијата за европски проблеми и со Комисијата за туризам, кои сега ни гостуваат и во моментот се горе на галерија.

Ве молам да ги поздравиме.

(Аплауз)

Сега, дозволете ми и официјално да ја претставам делегацијата на Комисијата за европски проблеми  и Комисијата за туризам на Фламанскиот Парламент, Кралство Белгија.

Господин Карин Ван Овервајре, претседател на Комисијата и шеф на делегацијата, заедносо госпоѓа Миет Смет, заменик претседател на Комисијата и шеф на делегацијата заедно со господин Карим Ван Свермајре. Господин Лук Ван Нојфенхујсен, член на Комисијата. Господин Јохан Верстрекен, член на Комисијата. Госпоѓа Аниса Темсамани, член на Комисијата. Господин Јан Роегиерјс, член на Комисијата. Госпоѓа Ане Марие Хоебеке, член на Комисијата. Госпоѓа Стерн Демојленаејре, член на Комисијата. Господин Пиетер Де Костер, Служба.

Во постојана придружба на делегацијата ќе биде неговата екселенција,господин Филип Беке, амбасадор на Кралството Белгија во Репулбика Македонија.

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на законот за изменување и дополнување на Законот за изменување на корупцијата.

Збор има господин Павле Трајанов.

**Павле Трајанов:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, претставници на Владата.

Денешниот Предлог на закон за измена на Законот за спречување на корупцијата предизвика огромен интерес кај пратениците. Тоа покажува дека овој Парламент можеби наскоро треба да расправа, да отвори една темелна расправа за состојбите во организираниот криминал и корупцијата во Репулбика Македонија, да се направи еден сеопфатен претрес на сите појавни облици на криминал, присутни во Репулбика Македонија, да разговараме за тоа како е поставен системот за борба против криминалот и против корупцијата, да ги претресеме институциите, да видиме дали има потреба кај овие институции, посебно специјализирани, за откривање, за гонење, дали има потреба од проветрување од партиските и неспособни кадри и дали треба на крај да се заложиме да се изгради во Репулбика Македонија еден заокружен и ефикасен сисем против организираниот криминал и корупцијата. Сигурно дека треба да имаме една ваква расправа. Еве и овие два дена веќе расправаме за тоа како и на кој начин да ги подготвиме инситуциите кои се задолженни за спречување на криминалот и корупцијата, да бидат поефикасни.

Во Репулбика Македонија постојат бројни институции за борба против организиран криминал и корупција и во целина за борба против криминалот. Меѓутоа, познато е дека во последните неколку години тие се во целосна дефанзива или во целосенколапс, не одговорија на предизвикот на новите случувања во државата, не се справија со тешките форми на организиран криминал и криминалот полека но сигурно во нашата држава станува вредносна категорија, а не зло со кое треба да се справиме, зло кое разорно дејствува врз сите институции на системот во Репулбика Македонија. Мораме ние да направиме анализа и оценка дали постојните институции се димензионирани или  нивните надлежности се погодени и можат  тие да профункционираат, доколку постои јасна политичка намера за борба против корупцијата, и борба против криминалот во целина.

Познато е дека организираниот криминал во другите држави, посебно во државите на Европска унија, на поинаков начин се дефинираат. Таму се зборува за организиран криминал тогаш кога постои хиеархиска подреденост на одредена група која постојано врши кривични дела сврзани со стекнување на финансиска и друга материјална корист. За жал таа дефиниција кај нас не можеме да ја прифатиме, бидејќи на поинаков начин се извршува организираниот криминал. Кај нас првенствено носители на високи државни функции, носители на јавни функции се вклучени во организиран криминал, или поконкретно

своите институционални позиции ги користат за стекнување на финансиска и материјална корист. Затоа на Република Македонија и е потребен еден заокружен ефикасен систем за борба против организираниот криминал и корупцијата. Се покажа дека најопасен криминал е таканаречениот институционален криминал каде високи функционери, носители на јавни функции се вклучуваат во криминални активности. За жал, до сега во изминатиот период како држава не успеавме, не успеаа институциите да дејствуваат на ефикасен начин, со цел оние кои ја злопотребиле службената положба и да одговараат. Сигурно дека преку уставни, можеби повеќе преку законски решенија се создаваат услови за оние кои се на високи позиции да се сокриваат зад законските решенија и слободно да се воведат на штета и осиромашување на граѓаните и на штета на функционирање на целиот систем во државата. Не поделени се оценките дека Република Македонија се криминализира и како резултат на таквите состојби се забавени нашите чекори кон интеграцијај во Европска унија и НАТО.

Друг опасен вид на организиран криминал е класичниот криминал, за кој нема тука никакви дилеми дека на ист начин се справува Републбика Македонија, како и другите држави. Тоа е криминал сврзан со нарко бизнисот, трговијата со жени и со оружје, шверцот со цигари, со акцизни стоки. Меѓутоа, и тука резултатите не се задоволителни.

Третиот вид на криминал е широко распространетата корупција со која граѓаните секојдневно се соочуваат.

Ако една упростена оценка е дека имаме три вида на организиран криминал во државата, тогаш мораме да изградиме систем како и на кој начин да се справиме, како имунолошкиот систем на Републбика Македонија во целина да профункционира. Мислам дека таква шанса се создава секогаш после изборите.

Оваа Влада е пред историска одговорност да започне вистинска војна против организираниот криминал и корупцијата Сигурно сите овие промени сега што доаѓаат на законската регулатива, се надевам дека ќе значат стеснување на законските можности за криминално однесување. Во тој правец јас сакам да посочам само еден пример како е можно државните институции, вклучително и Парламентот да донесе закон или одлука која може да ја користат поединци што имаат силно политичко влијание, за збогатување. Вие знаете дека е донесен, пред повеќе години, Закон за трансофмрација на општествениот капитал. Тој закон е донесен под притисок на, тогаш во тоа време познатите или успешните стопанственици кои избраа модел за приватизација што на нив ќе им одговара и сега имаме спроведена најкриминална и најнеправедна трансформација или приватизација на општествениот капитал. Секој може да се повика дека трансформацијата е направена како резултат на постојниот закон или на постојните законски прописи. Меѓутоа, ефектите од тоа се 20-мина или 30-мина олигарси, а се останато е сиромаштија во Републбика Македонија. Што е најважно тој концепт на приватизација предизвика тешка економска криза во Републбика Македонија, криза во економскиот развој. Податоците се јасни дека Републбика Македонија во целина заостанува зад сите други држави, во економскиот развој. Дури и со оние што се споредувавме, како многу поуспешни, веќе заостануваме, вклучително овде ако се направи споредба и со Бугарија. Така што треба да се работи, треба да се размислува како да се спрвиме со корупцијата, со криминалот.

Предложените законски решенија создаваат дилема, посебно околу професионализацијата на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Сепак министерот за правда треба да образложи кои се причините или кои ќе бидат ефектите доколу Комисијата или членовите на Комисијата професионално ја извршуваат оваа функција, или пак зошто повторно се оди на тоа волонтерски да се обавува оваа функција, или за некој месечен надомест. Мислам дека ако одиме на концептот да се професионализира оваа Комисија, тогаш целиот коцепт на Законот за спречување на корупцијата треба да се менува. Оваа Комисија треба да има сосема други законски надлежности, да не речам и извршни. На тој начин, како што сега доаѓа последниот предлог со амандманите, можеби одговара на постојната содржина на работа на оваа Комисија.

Инаку, во изминатиот период Државната комисија за спречување на корупцијата имаше во својата работа осцилации. Во почетниот период беше силно поддржана од владеачките партии и од медиумите, се дотогаш до кога јавно промовираше криминални случаи врзани за носителите на функции од претходната власт. Штом почна да работи, посебно во последната година и да актуелизира во јавноста случаи кои се врзани за актуелните носители на функции, тогаш почнаа негативни оценки да доаѓаат за работата на Комисијата. Така што оваа Комисија, сигурно дека и понатаму ќе биде на удар на политижките партии, но битно е дека нејзиниот обем на работа треба да се стесни, првенствено треба да се однесува на носителите на високи државни функции и да анализира дали во нивната работа и однесување има судир на интереси, дали носителите на јавни функции се стекнале со криминален имот и да иницираат постапка пред надлежните органи и тоа да се расчисти.

Инаку, јас не се согласувам со тоа оваа Комисија да се претвори во комисија преку која ќе се врши дискредитација на носителите на јавни функции односно ќе биде во функција на една или на друга политичка партија. Тоа мора да се елиминира низ законските решенија. Мислам дека можноста да се делува на Комисијата во целина, зборувам од страна на Парламентот или на поединечни членови, треба да се разгледа таа

можност како и на кој начин, доколку Комисијата постапува надвор од законските овластувања, како и на кој начин да се укаже на Комисијата, реков, да несе претвори во пропагандна машинерија на било која политичка партија. Сум за тоа да бидат таму непартиски луѓе, експерти докажани во своите области. Овде се зборува за правници, економисти и за тоа не се согласувам со тоа што некои иницираат да има и некои кадри во оваа Комисија, со други профили, бидејќи сепак се работи за исклучително сложени прашања што ова Комисија треба да ги разгледува и да дава оценки, да дава иницијативи до надлежните државни институции за тие сомневања до кои ќе дојде Комисијата, да се расчистуваат. Се на се, мислам дека Парламентот треба што е можно побрзо овие прашања што се на дневен ред да ги разрешува за Владата да има можност да започне, како што реков на почетокот, со една ефектна борба против организираниот криминал и корупцијата. Во спротивно и натаму ќе бидеме на високо место по организиран криминал и корупција.

Јас сум сигурен во тоа дека со промената на влста, со доаѓањето на новата власт, новата Влада, дека се создаваат повторно исориски можности да се стави црвена линија и да започне ефикасна борба против криминалот. Борбата против криминалот може да се прави на начин што секој оној што добил позиција, еве во последниве два месеци, нема а се вклучува во никакви криминални активости. Но тоа, само по себе, сигурно не може да се движи така. Треба да постои сзериозна закана од институциите на државата дека секој оној кој ќе ја злоупотреби положбата, ќе ја злоупотреби довербата на граѓаните, за тоа ќе одговара. Затоа јас се залагам за изградба на нов систем за борба против криминалот, посебно да има надлежни институции кои ќе го детектираат и ќе го откриваат криминалниот имот и за криминалниот имот да се одземе од страна на државата, да нема застарување. Тоа е новина. Ние на тој начин можеме да се справуваме и само тоа обезбедува генерално, превенција или одвраќање на носителите на јавни функции да се инволвираат во криминални активности.

Се надевам дека новиот состав на Државната комисија за спречување на корупцијата дека ќе биде исто така активна и дека ќе даде свој прилог, ако не друго кон подигање на свеста на граѓаните дека со ова зло треба да се справиме на ефикасен и ефектен начин. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор претставникот на Владата.

**Сашо Василевски:** Почитувани пратеници, очигледно дека и во текот на вчерашниот ден, а еве со исто темпо и на денешната седница настапува еден коментар од типот на професионалноста и непрофесионалноста на членовите на Комисијата, па еве јас ќе се обидам во кратки црти повторно да дадам еден краток историјат токму во делот на овој закон и особено околу статусот на професионалци или непрофесионалци, на членовите на Комисијата.

Овој Закон е донесен во текот на 2002 година. Во тогашните одредби на Законот, членовите на Комисијата имаа статус на непрофесионалци и кои што и ден денеска сеуште имаат таков статус.

Во текот на месец јули 2004 година се пристапи кон измени и дополнувања и точно е тогаш дека се предлагаше членовите на Комисијата да имаат статус на професионалци. Меѓутоа,со оглед на тоа што со тие измени не беше до крај регулиран начинот на избор, постапката се примени и се пристапи кон овие измени кои што, меѓу другото, се предвидува дека членовите на Комисијата повторно треба да имаат непрофесионален статус.

Сосема се точни и оние коментари на вчерашните говорници дека промената е, функцијата на коментарот дали членовите треба да имаат професиолен или непрофесионален статус, од причина што Владата на Република Македонија во текот на месец октомври оваа година излезе со овој Закон во кој што истакна и бараше да биде статусот на професионалци на членовите на Комисијата за што и Министерството за правда истакнуваше и даваше коментари и министерот за правда дека членовите на Комисијата треба да имаат професионален статус.

Меѓутоа, во меѓувреме, поточно на 2 и 3 ноември 2006 година се одржа Конференција во Охрид за Државната комисија за спречување на корупцијата и токму на таа Конференција беа извлечени следните заклучоци, извлечени на повеќе заклучоци, меѓутоа околу делот на професионалноста и непрофесионалноста на членовите на Комисијата јас ќе ви презентирам и ќе ви прочитам само два.

Првиот вели вака: "Статусот на Државната комисија за спречување на корупција во нејзиното досегашно работење, во целост ги исполнува очекувањата за нејзината работа, согласно Законот и во согласност со принципите за независност и неселективност, транспарентност,професионалност,објективност и неполитизираност".

Вториот заклучок е дека: "Работата на првиот состав на Државната комисија за спречување на корупцијата создаде добра практика и солидна регулаторна матрица за понатамошна работа во областа на превенцијата и репресијата на корупцијата по сите сегменти на општественото живеење".

Токму како резултат на овие два заклучоци се извлече и се тргна во препорака да Комисијата, поточно членовите на Комисијата и понатаму продолжат со статус на непрофесионалци. Токму заради ова, Владата со амандман реагираше, со кој што побара повторно членовите на Комисијата да имаат непрофесионален статус.

Сосема е невкусно тврдењето дека тоа е барање на министерот или на Министерството за правда.

Владата, повторно ќе кажам, реагираше токму како резултат на овие заклучоци од оваа Конференција во Охрид за да членовите на Комисијата имаат непрофесионален статус. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Алити Рафис имаше реплика, Макрадули Јани и Кондарко Борис. Тоа се три реплики. Одиме по тој редослед.

(Пратеникот Рафис Алити говори од место)

**Рафис Алити:** Сега ќе реплицирам на претставникот на Владата, а имам уште една реплика на претходниот дискутант.

**Љубиша Георгиевски:** Добро, вие првата реплика, па потоа Макрадули Јани и Кондарко Борис. Ако имате повторно реплика, после пак кога ќе ви дојде времето.

Три минути Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Ова е реплика до претставникот на Владата, бидејќи се повика на вчерашните дискусии, во кои што ние предложивме членовите на Комисијата да не бидат од редот на правници и економисти, бидејќи мислиме дека и другите авторитети од секојдневниот живот кои, се разбира, имаат завршено други факултети или се стручњаци во други области ќе го дадат нивниот придонес во борба против корупцијата. Затоа мислам дека образложението на претставникот на Владата, што го изнесе денеска, зошто во иднина оваа Комисија треба да биде непрофесионална, мислам дека тоа не држи. Тоа не држи поради многу причини, бидејќи оние кои се внесени, вовлечени во криминалот или корупцијата, не дека се професионалци, туку се и добро организирани. Еден волонтер, непрофесионалец, член на Комисијата или оваа Комисијата ќе биде во тој состав во кој што ќе биде на волонтерен начин, јас сум длабоко убеден не дека нема да успеат да ја спречат и да се справат со корупцијата, туку ќе бидат дел од корупцијата, како што беше и во минатото. Мислам дека на претставниците на Владата ова им е јасно, јасно им е на што алудирам. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика нема.

Јани Макрадули, три минути реплика, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Јас ќе реплицирам на заменикот министер за правда, господинот Василевски и нема да го користам неговиот тип на реторика кога вчера се вмеша во партиските работи на СДСМ и нема да цитирам што се денеска пишува за позицијата на НСДП во рамки на Владата. Туку, ќе реплицирам на делот што го кажа.

Останува фактот дека Владата даде предлог на 1 ноември за професионален статус на членовите на Државната комисија за спречување на корупција. Останува фактот дека на 3 ноември, на советувањето во Струга, што го цитираше господинот Василевски, господинот Маневски вели: “Професионализацијата е добра за зајакнување на капацитетите на институциите задолжени против корупцијата”. Но, за жал, госпоѓа Тасева вели: “Не е добро членовите да бидат професионалци бидејќи така се врзуваат за работното место”.

Останува впечатокот во јавноста дека првичниот предлог на Владата што господинот Маневски го бранел на симпозиумот или отворената маса во Струга е сменет и е сега изменет, како што кажувала госпоѓа Тасева. Што мене многу ме загрижува и тоа го кажав вчера, дека Владата е заложник на Организацијата “Транспарентност”, дали заради тоа што дел од “Транспарентност” премина во именувањата, дел како потпретседател во Владата, дел како Јавен правобранител, но впечатокот е дека Владата го смени својот став под притисок на “Транспарентност”, за што, за жал, господинот Маневски остана изолиран во рамките на Владата и се променил ставот, односно Предлогот на законот што го дава Владата.

Второ, вие господине Василевски, мора да кажете дали она што вчера го кажавте во излагањето е гаф или не. Или, имате проблем со зборот “опортуно”. Да повторам, вчера рековте: “Се оцени за опортуно членовите на Комисијата и во следниот состав функцијата да ја извршуват без професионален статус”. Кажете, дали ова ви било гаф или се уште мислите дека треба да бидат професионалци. Или, имате проблем со зборот “опортуно” како го разбирате? Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Кондарко Борис, три минути реплика, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам почитуван претседателе.

Постепено, со дообјаснувањето на заменикот министер за правда, мислам дека и нанесува штета на сопствената опција што овде ја брани Владата пред Собранието за да се врати старото решение да не биде професионален статусот на членовите на Антикорупциската комисија. Имено, самиот заменик министер сега призна дека всушност Владата се премислила после советувањето, после семинарот во Охрид на 1 и 2 ноември.

Се прашувам, што ли тоа се случило да за два дена, бидејќи велите претходно и господинот Маневски и сите во Владата го бранеа ставот дека треба да се професионализира Комисијата, што е тоа што се случи да ја премисли Владата за два дена да донесе така крупна одлука? Дали Владата постапува врз основа на заклучоци, иако тоа е легитимно и корисно на самата Комисија за која што Владата треба да одлучува или Комисијата или можеби некој друг, како што рече Макрадули, и налага на Владата како да постапува? Дали Владата е независна и имуна на одредени влијанија, притисоци на различни групи? Како со ваквиот начин на постапување Владата ќе демонстрира одличност и

решителност за борба против корупцијата понатаму?

Огромен број нелогичности, огромен бро парадокси во одбраната на вашите ставови. Велите дека еден од тие заклучоци бил дека Комисијата создала регулаторна матрица за превенција и репресија против криминалот, понатаму за независност, неполитизираност и т.н. Па, класичен антипример за “неполитизираност” ви е самиот сегашен министер за правда кој од независен експерт и антикорупционер, прв, стана политичка личност во политичка влада.

Сега, кому овде ќе продаваме демагогија дека Владата се бори против корупцијата? Чии интереси застапуваат поединци, кои пак ги застапуваат интересите на некои други организации или некои други интереси што не ги знаеме овде во јавноста, што можеме да шпекулираме?

Во дискусијата вчера реков, сето ова ме потсетува на една дефиниција од едно минато време. Дека поредокот е волја на владеачката класа издигнат на степен на закон. Тоа значи ако продолжите вака, со вашата сила на мнозинството, сите закони можете да си ги подредите на тој принцип. Меѓутоа, тогаш, не само што ќе ја укинете политичката дебата и дијалог, туку ќе посегнете да ја укинете и опозицијата. Треба да замислите каде оди Македонија со ваквата ваша политика.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор Спасовски Оливер.

(Пратеникот Рафис Алити реагира од место дека има уште една реплика на дискусијата на претходниот говорник)

Не сте запишани. Барате реплика?

Повелете, три минути реплика. Пропуст имавте, добро.

**Рафис Алити:** Благодарам, пропустите се случуваат.

Навистина, претходниот говорник, колегата Павле Трајановски, кажа многу убави зборови. Нешто што и ние би сакале, би сакале работите да се одвиваат така како што тој вели, дека оваа Влада е многу одлучна и решителна и ќе отвори борба против корупцијата.

Меѓутоа, за жал, почитуван колега една таква реторика веќе имаме слушано во текот на комунизмот и после 90-тите години, наваму, од секоја влада што доаѓала на власт. Меѓутоа, работите не се одвивале така, за што сте сведок и вие и јас. Меѓутоа и пошироката јавност.

Вие не рековте ништо за тоа која е таа гаранција. Јас сум длабоко убеден дека овие предлог-измени што ги предлага оваа Влада не водат кон тоа што го говорите. Напротив, водат кон една сосема поинаква насока да Комисијата за борба против корупцијата биде лојална кон Владата, да биде лојална и да биде партиска.

Со самиот факт што се прави измена, кај претседателот на Комисијата што ќе има 5-годишен мандат, а не како порано да биде тоа со ротација, со самиот факт што ние сакаме да имаме Комисија со членови на Комисијата што ќе бидат волонтери, што значи некои мои претходни говорници го кажаа случајот на поранешните членови кои биле членови на оваа Комисија, кои биле и во “Транспарентност Македонија” и биле членови во истата Комисија, а го знаеме епилогот на сето тоа како заврши и каде заврши.

Вие, исто така, долго време промовирате еден нов систем, како лидерот на вашата партија, дека треба приватизацијата и предметите на приватизацијата да не бидат застарени, туку да се вратат наново и т.н. Доколку правилно сум ве разбрал. Или пак на една емисија во која што бевме, барем оние кои сакаа да земат нешто од власта или да зграпчат нешто од граѓаните, а парите им се надвор во странство, во разни светски банки, ние ќе ве поддржиме во таа ваша иницијатива барем тие да ги вратат парите тука, во банките во Република Македонија. Ќе ве поддржиме за да можат тие пари потоа да се употребат и за инвестиции и т.н. Повторно нека бидат тие дел, нека ги имаат парите на свои жиро-сметки, меѓутоа барем и граѓаните на Република Македонија да видат некоја полза од тие пари што ќе бидат во нашата земја. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика господинот Павле Трајанов, една минута, повелете.

**Павле Трајанов:** Еве, накусо. Гаранција за тоа дека оваа Влада ќе започне вистинска војна против организираниот криминал и корупцијата, мислам дека може да биде и Парламентот, со сите 120 пратеници. Тука ќе инсистираме постојано на принципиелност, на почитување на законите. Но, исто така, за мене е гаранција што оваа Влада прифати дел од проектот за декриминализација на државата, меѓу другото и да се формира посебна државна институција што ќе работи на откривање, детектирање на криминалниот имот на носителите на организираниот криминал. Тоа сигурно дека ќе значи многу и што е најважно, се залага за заокружен и ефикасен систем што ќе се бори против криминалот и корупцијата во Република Македонија. Постојниот систем е многу конфузен и неефикасен.

Затоа мислам дека и Парламентот треба да има поголемо влијание во тоа Владата да отвори вистинска војна против организираниот криминал и корупцијата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Збор има Спасовски Оливер.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван претседателе.

Дами и господа, на почетокот сакам деловнички да ви укажам во однос на репликите да не се враќаме назад, на претпоследните или говорниците кои говореле претходно, туку да се

пријавиме за реплики на оние говорници кои говорат во текот на зборувањето. Инаку, ако вака продолжиме навистина не знам како ќе можеме да ја одвиваме расправата.

**Љубиша Георгиевски:** Имаме време по овој закон, не грижете се.

**Оливер Спасовски:** Добро, јас имам уште повеќе.

Дозволете ми накратко и јас да искажам свои мислења и ставови иако ставовите и мислењата што ги искажав и на работните тела и на Законодавно-правната комисија веќе нема да кореспондираат, затоа што битно се менува, суштински предложениот законски проект од Владата.

Навистина сакам да изразам незадоволство заради тоа што иако говориме и на Законодавно-правната комисија дека е најдобро, а јас сум исто така приврзаник на постапката законите да се донесуваат во редовна постапка, иако сметам дека е конструктивно одредени законски проекти што се од значење и витален интерес за државата и граѓаните на Република Македонија да можеме да ги донесуваме по скратена и итна постапка, меѓутоа мислам дека на ваков начин донесување на вакви закони и измена во текот на седницата, суштинска измена на законски проекти не е ништо друго туку е неможност да се интервенира од страна на пратениците од било која политичка партија, се со цел да се подобри концептот на законот и на тој начин Парламентот го претвораме во инструмент на Владата, што е нешто сериозно во демократските процеси во Република Македонија.

Во однос на овој закон за спречување на корупцијата, мислам дека нема пратеник ниту од позицијата ниту од опозицијата кој не мисли дека измените и дополнувањата на ваквиот закон ќе значат подобрување на политичкиот живот во Република Македонија, унапредување на евроинтегратскиот процес на Република Македонија, стабилност на државата. Впрочем и причините поради кои што овој закон или Законот што беше донесен во 2002 година е токму заради свеста дека се нарушува политичката стабилност на државата, довербата на граѓаните во институциите, исто така економскиот развој, владеењето на правото и т.н. и т.н.

Тоа беше така и ние членовите во Комисијата од Социјалдемократскиот сојуз овој закон го прифативме се со цел да има подобро, поефикасно решение на законски проект кој што ќе овозможи реална, а не само декларативна заложба за спречување на корупцијата или за намалување во одреден степен, што е интерес, интенција или барем наше цврсто залагање и ветување на сите политички партии во предизборната кампања. Меѓутоа, можам да заклучам дека изгледа само декларативно се залагаме за ефикасна борба против корупцијата и криминалот, што на дело не го покажуваме ниту со донесување соодветни законски решенија. Би тргнал токму од причините кои се ставени по Предлог законот на Владата, каде што стои: "Преоценувањето на решенијата пред се преку функционирањето на Државната комисија, нејзината работа и непосредно искуство, беа основи за измените на законот, усвоени во јуни 2004 година кога беше зајакнат статусот на Државната комисија со стекнување на својство на правно лице, со сопствен секретаријат и промена на статусот на членовите на Државната комисија". Иако со овие измени се пропиша професионалното вршење на функцијата член на Државната комисија, не се утврдија и одредби со кои ќе се уреди прашањето на процедурата за избор на членовите, што се оцени како сериозен проблем за имплементација на ваквото решение.

Остварувањето на надлежностите на Комисијата, особено во делот што се однесува на спречувањето на корупцијата во политката, изразено преку активности во рамките на следењето на изборите, ги разоткри недореченостите на решенијата во законот што се однесуваат на оваа област, како и следењето на имотната состојба на носителите на функции, изборите и новата надлежност на Комисијата во рамките на работењето на Комисијата во наредниот период и сите други недоречености кои беа откриени како потреба за донесување на нов закон, за да можеме навистина да имаме квалитена и ефикасна борба против корупцијата во Република Македонија. Токму од тие причини кои се наведени овде, за нас беа прифатливи и дадовме подршка навистина за да имаме квалитетен законски проект, навистина да ја зајакнеме улогата и статусот на Државната комисија за спречување на корупцијата заради тоа што навистина претставува совеста на јавноста во борбата против корупцијата во Република Македонија, уште повеќе да ја зајакнеме нејзината независнот и конечно сите заедно да потврдиме дека навистина имаме Комисија која ефикасно е справува со корупцијата во Република Македонија.

Меѓутоа, од предлозите кои беа доставени, односно амандманите на Владата, навистина не гледам искрена намера да имаме законски решенија кои ќе бидат насочени кон ова што го говорев претходно.

Образложението кое што беше дадено по законот, кое би рекол коренспондира со вчерашното објаснување на законскиот проект, односно образложението од стана на заменикот на министерот за правда, денес гледаме дека тој став е делумно променет, стои дека Државната комисија е тело надлежно за имплементација и како такво за прв пат претставува институционализиран облик на независно и самостојно функционирање во превенцијата на корупцијата.

Во текот на своето четиригодишно постоење и работа, Комисијата успеа да оствари влијанија во зајакнувањето на свеста на граѓаните за определеноста за превенција на корупцијата, како и во зајакнување на одговорноста и отчетното однесување на носителите на функции

и правните лица што располагаат со државниот капитал. Меѓу другото се констатира дека носителите на функциите на извршната власт делумно ги извршуваа обврските кои произлегуваа од законот. Неопходно е дополнително да се првземат активности за зајакување на исполнувањето на законските обврски, во известувањето на Комисијата по разни основи од страна на поединци носители на функции и државни институции.

Целото ова образложение е во потрага на она за што беше и првична заложба, сега одговорно тврдам декларативна заложба на Владата за борба против корупцијата, за да по доставувањето на амандманите, со решението членовите на Државната комисија не ја обавуваат професионално работата, тоа значи навистина да ја намалиме независноста или да го зголемиме влијанието на централната власт врз оваа Комисија, што за мене претставува трајна цел после донесувањето на еден ваков закон, дополнително да ја политизираме оваа институција која ја создадовме токму во 2002 година како политички консензус во борбата на државата против корупцијата и со тоа да испратиме директна порака до сите оние кои треба да бидат засегнати со овој закон, односно со оваа институција, односно носители на државни функции дека во секое време носители на државни функции од актуелната власт имаат можност да бидат заштитени за одредени негативни дејанија кои ќе ги направат во вршењето на државните функции. Тоа не е целта и тоа не е заложбата, тоа не се ветувањата кои што ги дадовме на граѓаните на Република Македонија. Сите ние разговаравме, сите ние во своите програми наведовме дека приоритет ќе ни биде борбата против корупцијата, меѓутоа, одговорноста е сепак на парламентарното мнозинство кои и на почетокот на овој парламентарен состав и посебно на ова законско решение навистина покажува дека сето тоа што го прави, го прави декларативно без поголема суштина.

Токму од тие причини, група на пратеници од СДСМ има доставено амандмани на текстот на законот и во однос на професионализацијата на членовите на Државната комисија, со мандат од 5 и од 4 години, се со цел да се овозможи континиуитет во работата на оваа институција и ротација на претседателското место од година дена, за да може повеќе претседатели да ја водат оваа Комисија и да внесуваат новини во интерес на ефикасноста на работата на оваа Комисија, а со тоа и да ја превенираме корупцијата во Република Македонија, посебно во сите делови кои се набележани.

Добро би било и го оценивме како значително добро кај измените што се однесуваат во делот на политичките кампањи, добро е за одредени службени лица кои се вметнуваат во овој закон и сето тоа го поздравивме. Меѓутоа, ако крајниот резултат и оној што треба да ги сумира резултатите на работењето на одредени државни службеници, службени лица, на политичките партии итн, бидат зависни од парлментарното мнозинство и сигурни со мандат од 5 години, навистина мислам дека нема да ја постигнеме целта која ни е од интерес на сите нас.

Денес слушнавме и едно образложение од замиеникот министер дека оваа идеја е променета после конференцијата одржана во Охрид на 2 и 3 ноември оваа година. Можеби е така, можеби имало добри аргументи кои пратениците овде не ги слушнаа и во излагањето, освен тоа дека токму тие два дена е променето мислењето. Се прашвам зошто претставникот на Владата на Комисијата за политички систем одржана на 6 ноември 2006 година и на седницата на Законодавно правната комисија одржана на 7 ноември 2006 година, не не известија нас како работни тела дека има добри причини за промена на ова законско решение од аспект на враќање на старото решение од 2002 година, кога сме оцениле дека ова решение нема доволно поткрепа или има потреба да биде сменето, се со цел да направиме поефикасно и понезависна институција, која пред се ќе има улога на превенција на криминалот и корупцијата во Република Македонија. Токму заради тоа, и министерот Маневски кој беше присутен на седницата на Комисијата силно ги бранеше овие претходни одредби кои што беа дадени во законот, со што доби подршка од сите членови на Комисијата, од сите политички партии. Сега навистина не ми е јасно зошто се менува ваквото решение и која е намерата, освен во последен момент да ги направиме законските решенија онака како што одговара на парламентарното мнозинство, би рекол на таков начин да упатиме директна порака дека имаме институцаја која не ќе биде совеста на јавноста, туку ќе биде заштитник на одредени политички елити кои во дадениот момент се во Република Македонија, или во едната година од сопствениот мандат ако веќе не се на власт ќе бидат за атак некоја друга политичка структура. Намерата и целта ни е да направиме независна институција, која ќе се бори ефикасно против корупцијата и криминалот со ова отпаѓа и токму заради тоа бараме законот да биде донесен во две фази. Сега да се повлече, но да се разговара и дебатира за овој законски проект, впрочем и за други поважни законски проекти, затоа што навистина недостасува политичка волја за воспоставување нормален дијалог во Република Македонија и на таков начин сите заедно со поголем консензус да донесеме одредени законски решенија, кои се од витален интерес за Република Македонија и нејзиниот пат кон Европската унија.

Токму заради тоа наведовме дека ако парламентарното мнозинство остане на ставот дека ваквиот предлог на закон, изменет со амандманите, ќе треба да го донесе, тогаш нема да ја има подршката, ниту мојата ниту на СДСМ, заради тоа што тоа претставува задсривање зад декларацијата дека ќе обезбедиме можност за

ефикасно справување со криминалот и корупцијата.

И втората забелешка во однос на законот да ја искажам сега. Тоа е во однос на контролната функција што ја имаат членовите на Државната комисија за спречување на корупцијата. Мислам дека е несоодветно и непримерно една институција самата со мнозинство гласови да покренува иницијатива за одговорност на било кој член на Државната комисија за спречување на корупцијата. Тоа уште еднаш потврдува дека навистина сакаме да направиме недопирлива институција, каде меѓусебно ќе се штитат подржани од политичките елити кои се моментално на власт.

Заради тоа и заради сите овие забелешки што ги истакнавме, доколку не биде прифатен амандманот кој што го поднесува група пратеници од опозицијата нема да дадема подршка бидејќи навистина ова не е можност за ефикасно справување со корупцијата во Република Македонија, а со тоа да направиме унапредување и забрзани чекори кон евроинтеграциите на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нама техничка можност да се пријавам овде за збор, барам од вас да ми дозволите три минути да дискутирам непријавен, бидејќи нема каде да се пријавам.

Може ли? (да) Благодарам.

(Претседателот излегува на говорница)

Морам да кажам дека оваа дискусија, слушајќи ја дискусијата по оваа точка, не можам да се ослободам од едни "наочари" непотребни за спикер на Парламентот. Не можам да ги извадам тие наочари и сакам да ги споделам со вас.

За разлика од барањето на консензус од страна на една партија и апели кон друга, јас ќе се обидам да дадам една прогеломена, една интродукција на барањето на консензусот што јас ќе го упатам кога ќе дојде за тоа време. Очилата не можам да ги извадам од темата на корупцијата не само затоа што 8 години како колумнист во секоја втора колумна пишував против корупцијата и не само кога на власт беа левите, туку и кога беа на власт десните на кои припаѓам формално и секако.

Очилата ги префатив во Романија. Велам ги "префатив" како што се префаќа болест. Секој Парламент дискутира за принципи, дискутира за лицемерие, дискутира во име на највисоките идеали на една држава. Но не секогаш тие дискусии кореспондираат со стварноста. Што сакам да ви кажам?

Само што го прочитав писмото со покана да госувам во Романија од претседателот на Сенатот и на Долниот дом, првата идеја ми беше да појдам и ако појдам, повеќе од 70% од мојата мисија да биде испитување како така Романија успеа за три месеци да ја фасцинира Европа со својата волја, со својот консензус за борба против корупцијата и со својата имплементација на таа борба, зошто ми изгледаше невозможно. За несреќа, министерката која беше авторка на тие закони не беше во Романија, меѓутоа, Ден Дончев разговараше со државниот секретар. Но, за голема среќа тајната не се криеше во Министерството. Тајната се криеше во Парламентот. 600-ни пратеници членови на Сенатот и на Долниот дом со гласање со огромно мнозинство се откажаа од својот имунитет. Тогаш во таа земја високите принципи се вкрстија со стварноста. И не се откажаа со закон, ами со уставен амандман, со тоа што задржаа дел од имунитетот само во случаи кога се работи за политичка одмазда. Таксативно е наброено после во закон кои се тие случаи, евентуално ако некој биде уапсен, веднаш заседава Парламентот и веднаш ги бара комплетно сите хартии од кои ќе се докаже, судот ќе докаже дека не се работи за одмазда туку се работи за кривично дело. Тоа беше фасцинацијата со која една земја од амбисот, не се знаеше дали на први јануари ќе биде примена, од амбисот да не биде примена пред прагот да застане, се спаси со еден неверојатно чесен и патриотски подвиг.

Второто нешто што не дојде како директен резултата на ова првото, но сигурно дојде како директрен резултат, беше тоа што веќе се води процес против бившиот премиер Настасев за еден милион и триста илјади евра. Сумата е мала, но значителна. Значи човекот одговара и човекот е премиер, не е некој од трет ешалон. Мислам дека таков консензус ни е прво потребен, па кога ќе го направиме тој консензус тогаш како партии да се согласат сите на некаков консензус. Инаку, без таков консензус секогаш ќе има причини позицијата да дава шанса за консензус и да вели не сака опозицијата и опозицијата ќе вели сакаме, ама не таков, "танго тејкст ту". Но ова не е танго. Кога сите пратеници ќе се одречат од својот сопствен... Инаку лесно е сега да ги гониме евентуалните прекршители на законот кои не се под сенка, ние сме до пет години под сенка.

Мислам дека тоа се патиштата и ако даде господ, сигурен сум дека меѓу вас, без оглед на вашата партиска припадност, ќе најдам 30 поддржувачи на еден таков уставен амандман, кој еве сега јас го најавувам, затоа што сум повеќе од сигурен дека сигурно ќе најдам 30 подржувачи. Таму да почнеме, тоа е нашиот дел на работата. Нашиот дел на работата е секако и контролен, нашиот дел на работата е секако вршен за овие 15 години, но дајте да покажеме, авторитетот на овој Парламент може да се зголеми само со такви темелни потези во кои на целиот свет ќе покажеме дека до овде ни е дојдено од корупцијата, а ни е, на сите. Интимно кога разговараме на сите ни е до овде. Меѓутоа, ние тоа мора да го покажеме.

Ете, тоа сакав да ви се обратам, инаку, како што знаете, немам обичај да земам учество во дискусијата затоа што со тоа или ќе наштетам на мнозинството или ќе наштетам на опозицијата и се бранам од тоа.

Но, овој пат сакав да ви кажам, да споделам со вас едно искуство. Мислам дека долго ќе ги носам тие очила кои за оваа дискусија, конкрено овде не се добри затоа што ја извитоперуваат двострано, затоа што е трета оптика и затоа понатаму ќе бидам пасивен.

Ви благодарам на зборот и ви благодарам на вниманието.

Прв за реплика е пријавен Оливер Спасовски, Илинка Митрева, па Јани Макрадули.

Повелете господине Спасовски.

**Оливер Спасовски:** Почитуван претседателе, навистина ова не го сватив како реплика...

**Љубиша Георгиевски:** Не, не беше реплика.

**Оливер Спасовски:** Добронамерно искажување, но да не остане само како декларација, јас ќе бидам првиот кој ќе потпишам таква измена на Уставот или уставен амандман во кој ќе дадеме наш придонес во однос на борбата против корупцијата.

Токму заради тоа беа таквите говори упатени од нас, па и во мојот последен говор. Одредени значајни, витални прашања за Република Македонија да ги донесуваме со што е можно поголем консензус. Не реков со апсолутен консензус во Парламентот, меѓутоа, што поголем консензус. Токму заради тоа оценуваме дека ваквите упади од страна на Владата во носењето на законските проекти кои имаат интерес не се ништо друго, туку само декларативна борба против корупцијата, а заштита и поттикнување на овој механизам. Дајте во функција на она што вие го говорите и сите заедно парламентарното мнозинство и опозицијата еднаш цврсто да застанеме кон ефикасна борба против корупцијата затоа што знаеме дека тоа претставува неколку чекори напред кон европските перспективи на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика немам од моја страна.

Повелете Илинка Митрева, три минути реплика.

**Илинка Митрева:** Вашата интервенција ја сфаќам како, условно речено, една хуманитарна мисија да се спаси овој закон прво од овој вид со кој институционално треба да се стави стоп на корупцијата.

Во таа насока ја прифаќам идејата што ја изнесовте овде Парламентот да даде порака за тоа како се застанува на патот на ова голем зло од кое треба да се решиме не заради тоа што ни е услов на доближување или членство во стратешките организации, туку заради квалитетот на демократското општество што овде го градиме.

Меѓутоа, господине претседателе, сметам дека е непримерено Владата која стои зад овој закон самата да си прави сопки на патот на изгласувањето на законот.

Во овој момент кога ќе се фрли сенка врз чистата волја, мислам на политичка волја на една Влада да изгласа еден закон, тогаш се отвора Пандорината кутија на злото.

Имено, тогаш си го поставувам прашањето дали навистина сега тргнуваме во една крсноносна војна против она што до сега се нарекуваше организиран криминал и корупција или повторно ќе дадеме материјал за уште пошироко елаборирање на тезата, тука влегува во вашата дикција (Корникс корники окулос ноне фобијас) значи врана на врана не и копа очи се штитат криминалците од различни бои. Мислам дека тоа не е интенција на демократските сили во ова општество. Ако тоа е така, тогаш не треба да бидеме заложници на каприците на некои членови на невладини организации кои даваат определени совети до експертите на Владата и да го поставиме законот онака како што треба и онака каде му е местото и со онаа содржина со која навистина ќе претставува силен инструмент во борба против корупцијата.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика за Јани Макрадули три минути.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе,

Во функција на она што вие го зборувавте секогаш ќе ве поддржувам во градењето на авторитетот на Собранието и во сочувувањето на институцијата Собрание и пратеник.

Затоа и во вчерашната дискусија кажував лошо е кога ќе дојде еден предлог од Владата го разгледуваат комисиите, пратениците од мнозинството го поддржуваат, кажуваат пофални зборови за решението и потоа Владата го менува и во сосема друг правец го носи решението на Законот со што заложници стануваат пратениците од мнозинството. Секогаш институцијата пратеник ќе се борам да ја сочувам, бидејќи не сум задоволен со она оценка (два) што ја имаме по анализите од НБИ. Лошо е и мора и вие како претседател да реагирате кога господинот Селмани ќе каже во Деловникот на Собранието вака ќе се договориме. Не, ние ќе се договориме како ќе биде во Собранието и мнозинството треба да реагира кон таквата непримерна изјава, без разлика што е Влада, што е позиција, таа не треба да се меша во работата на Собранието. Секогаш ќе ја имате мојата поддршка во очувувањето и градењето на поголем кредибилитет на институцијата Собрание на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Слушајќи ги сите три реплики решив само една контра реплика за сите три затоа што има заеднички именител и во тонот и во содржината.

Ви благодарам што спонтано веќе почна антиципација на дискусијата за евентуалниот амандман.

Сега продолжуваме со дискусијата по законот.

Реплика на господинот Оливер Спасовски од Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам претседателе,

Почитуваниот колега Оливер Спасовски кажа дека Владата само декларативно е за борба

против корупцијата. Дали Владата само декларативно се залага и се бори против корупцијата ќе се види од резултатите кои наскоро ќе ги има премногу за да бидете убедени дека вистински се залагаме во борба против корупцијата.

Уште нешто почитуван колега, не само Комисијата за борба против корупцијата која е вклучена во борба против корупцијата, туку сите други институции почнувајќи од обвинителството, полицијата, финансовата полиција и сите други кои во претходниот период не се покажаа многу во борбата против корупцијата, туку придонесоа за енормниот раст на корупцијата и криминалот во земјата. Инаку, Комисијата за борба против корупцијата повеќе има превентивна, инструкторска надлежност, не е таа која директно е вклучена во борбата против корупцијата.

Токму заради тоа од претходниот период имавме случај кога Комисијата за борба против корупцијата совршено си ја вршеше работата, меѓутоа, беа глуви сите други институции и заради тоа што не функционира и не функционираше системот заради отсуството на волја на власта и немаше резултати во борбата против корупцијата.

Ако сите институции во земјата си ја бркаат работата онака како што треба почнувајќи од полиција, финансова полиција, јавен обвинител, тогаш многу полесно ќе и биде на Комисијата за борба против корупцијата да ја извршува таа своја работа.

Инаку, во однос на тоа дали треба да бидат професионалци или не членовите на Комисијата за борба против корупцијата, Конференцијата која била одржана во Охрид, ќе се согласите дека е неисплативо да седат членови професионалци со редовна плата ако обемот на работа е мал заради тоа што другите институции во државата ќе си ја гледаат работата. Тоа е еден од заклучоците од дискусиите кои се водени на оваа расправа во Охрид, а да не зборуваме за зависноста од плата што значи некој да е зависен од плата од власта и некој кој непрофесионално се занимава со задачата која му е доделена, во кој случај е поголема независноста на тој кој е член на Комисијата за борба против корупцијата. Значи, се работи за луѓе врз кои многу потешко власта може да има влијание, бидејќи тие имаат формирано професија и кредибилитет, не зависат од платата која им ја дава власта и затоа тие ќе бидат навистина многу понезависни.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика од една минута за господинот Спасовски.

**Оливер Спасовски:** Благодарам претседателе,

Прво, по доставувањето на амандманите убеден сум и тврдам дека Владата има само декларативна заложба за борба против корупцијата. Мислам дека оваа Комисија ќе ја направите партиски инструмент инсталиран во рамките на државата. Дај Боже да ме демантирате, ќе дојде време и за таа работа.

Второ, цената на спречувањето на борбата против корупцијата е многу повисока отколку овие 9 плати кои ќе ги давате на луѓето кои имаат една сигурност и ќе бидат независни од сите политички влијанија во Република Македонија.

Трето, само да ве прашам за какво решение бевте кога се изменуваше Законот во 2004 година за платите на пратениците? Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор Иван Анастасовски, повелете.

**Иван Анастасовски:** Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, ценети колеги,

Втор ден како расправаме за овој закон односно за оваа тема, верувам дека и денеска денот ќе го потрошиме на расправа по однос на ова прашање каде искрено мислев дека барем овде по ова прашање во Собранието ќе имаме консензус. Барем ние ќе се заложиме сите заедно да имаме одлучна и цврста борба против корупцијата. Но, за жал, да работевме колку што говориме сите заедно овде барем ќе мрдневме од 105-то место кое дефакто сме сега во борбата со корупцијата, тоа е официјален податок, барем ќе мрдневме на 100-то место, меѓутоа, за жал, такви сме.

Во контекст на ова, затоа на поминување ја зедов Брошурата за дебата за одговорноста која ни беше поделена до нас пратениците. Добро знаете односно имате проверено внатре врз база на тоа што овде само дебатираме, а според мене има слаба реализација понекогаш, Собранието во моментот во септември само 3,2% ужива доверба кај граѓаните на Република Македонија, односно 41,3% во Република Македонија немаат доверба токму во ова Собрание.

Жал ми е што токму на оваа расправа се извлече тежиштето и целиот акцент се стави на Државната комисија за спречување на корупцијата, а се одалечивме од она што навистина значи реална борба. Понатаму ќе коментирам, почитуван претседателе, она вие што го рековте примерот за Романија кој и јас многу добро го познавам.

Од друг аспект кога ќе говорам за Државната комисија ќе говорам и за бројките кои стојат во Брошурата која ни е поделена на пратениците.

Значи, Република Македонија гледано station наназад ги донесе законски решенија, да не речам скоро сите со кои требаше да се отпочне сериозна и одлучна борбапротив корупцијата и да се одлепиме од дното каде сега се наоѓаме. Остана само Законот за судир на интереси, за кој меѓународниот фактот сериозно ни сугерира и тоа законско решение да го донесеме во Собранието на Република Македонија. Верувам дека тоа ќе го направиме.

Гледајќи од тој аспект сите услови за борба против корупцијата се создадени или ќе се бориме или не, средина на тој пат нема и не можеме да најдеме. По мене останува волјата кај сите нас, кај институциите во државата да се

борат против ова зло во Република Македонија за кое сериозно сме критикувани од надвор. Ако ја има волјата кај нас, ако постои, тогаш веројатно на таа скала ќе почнеме да се качуваме нагоре.

Од друга страна она што беше дебатата за денеска умешно успеа опозицијата да ја наметне дека всушност нивната поддршка која ја дадоа на комисиите, барем такво чувство имав на Комисијата за политички систем каде децидно дадоа поддршка на овие измени ретерира со амандманот кој го достави Владата дополнително и дефакто овде денеска на пленарната седница нивното позитивно размислување по однос на овој проект отиде во обратна насока, се изгуби подршката од опозицијата, што лично мислам дека не е добро.

Владата би требало да биде доблесна да укаже на тоа дека навистина има потреба Државната комисија за спречување на корупцијата да остане онаква како што беше со Законот донесен 2002 година.

Вчера кажав во една реплика, денеска ќе повторам, 2004 година се залагав оваа Комисија да биде професионализирана. Од тие принципи нема да бегам, но и на Комисијата реков било кој амандман за бришење на одреден член, за додавање на одреден член и јас да го направев знам дека на крајот нема да резултира со ефикасна борба, бидејќи останува волјата, имплементација на сето она што како закон го имаме во Република Македонија. Пак ќе повторам останува волјата.

Затоа се решив по однос на оваа дебата повторно да ги кажам моите искрени ставови и да сугерирам Владата тука да биде максимално решителна.

Да се навратам, реков дека ќе останам принципиелен и ќе дадам поддршка на амандманот кој е поднесен, ако можам со тоа да влијаам таа Комисија да биде професионална.

Од друга страна вчера слушајќи го колегата Иван Стоилковиќ во целост се согласувам со тоа што тој го истакна. Четири години station наназад, иако во Брошурата се кажува дека 9% е најголема довербата токму во оваа комисија во Република Македонија од тој сектор, апсолутно најголема доверба 9% граѓаните веруваат во таа комисија, не од аспект дека таа реализира, туку да стои дека таа само може да превенира. Четири години, овде има колеги кои добро знаат, таа комисија, каде што и сегашниот министер во даден временски период беше претседател на таа комисија, само укажуваше, само сугерираше, а од друга страна знаеме за некои претходни комисии за политички систем и јавноста знае каква беше комуникацијата меѓу Јавниот обвинител и членовите на таа комисија. Таа одеше само на ниво на изјави во разни медиуми, односно да речам препукувања во разни медиуми, за да на крајот кулминираше со едно седнување на заедничка маса и без никаков ефект од тоа заедничко седнување.

Значи, комисијата, она што го рече и колегата Стоилковиќ во принцип можеше само тоа да го работи. Други институции во државата се надлежни да го реализираат она што се констатираше од страна на комисијата како криминално, нелегално, против законско однесување на одредени функционери.

Затоа почитуван претседателе, вие го спомнавте примерот на Романија, која има позитивни резултати во таа насока, меѓутоа, на наша посета на нивниот парламент, имавме токму средба со нивната комисија, говорам собраниска, која броеше 17 члена и токму имаше назив Комисијата за спречување на корупцијата.

Разговаравме за нивните надлежности како таа работи и како таа навистина, функционира. Ефектот од она вие што го рековте почитуван претседателе, е токму тоа. Парламентот во Романија има голема и активна улога во борбата против корупцијата.

Јас и во дебатата во 2004 година кажав за промените и сега ќе речам. Едното за што се залагав беше за професионализација, меѓутоа, другото да го направиме да го преземеме романскиот модел и овде кај нас. Ние тогаш во таква ситуација да бидеме тие кои расправаме и даваме насоки во борбата против корупцијата. Ние на некој начин да ја преземеме таа улога бидејќи сигурно она што стои во брошурата, а јас имам такво чувство кај мене противникот, каде што е довербата во Собранието, е сериозно разнишана во очите на граѓаните. Нема можности да се корумпира. Тоа одлучно го кажувам од овде. Меѓутоа, сликата е таква. Ако не сме платиле 25 - 30 денари патарина, тогаш тоа оди во медиумите и се дава еден такв впечаток, таква слика дека Парламентот и пратениците се тие кои се најодговорни. Меѓутоа, нашата работа е јавна и затоа секогаш сме на удар на тоа. Верувам дека вашата заложба почитуван претседателе, во таа насока е искрена и добронамерна и треба тогаш да работиме на реализација на таквата ваша идеја.

Најверојатно, по примерот на Романија, тоа би дало очигледно подобри резултати од ова што го имаме сега. Доверба кај граѓаните во Државната комисија, а од друга страна немање на можност таа да интервенира по одредени прашања. Најверојатно таа доверба се должи на тоа што граѓаните се обраќаат до комисијата немајќи доверба во другите институции со ингиренции, го прават тоа кај комисијата, а нејзе и останува само на прес конференции, на одредени комисии на Собрание, преку Годишниот извештај, кој ние овде го разгледуваме да сугерира, да укажува за едни такви активности.

Затоа, сега се наметна темпо дека главната дебата е околу тоа како да биде решена позицијата на членовите на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Знам дека и мојот говор, по однос на ова ќе остане само на ниво на стенограм, кој ќе можеме некогаш да си го прочитаме и ништо повеќе од

тоа. И тука ќе остане мојата добра намера да направиме навистина, подобар исчекор во борбата против корупцијата во Република Македонија, но останува покрај она што сакам да останам доследен на амандманот кој ќе го гласам од колегите пратеници од опозицијата кои умешно ја свртеа тезата и она што ја дадоа својата подршка на комисиите сега реферираат, како што тие говорат дека Владата од она што на први дава едно решение, а реферира на осми, останува заедно со вас претседателе да се бориме до крај за идејата која вие овде ја отворивте тоа да го направиме, па ние да ја носиме таа улога во Република Македонија. Нека граѓаните тогаш покажуваат на кај нас и нека не мерат и по таква активност реално, почитуван претседателе.

Затоа, пратеничката група на Новата социјал демократска партија дава поддршка на овие измени. Јас лично останувам да го поддржам амандманот, односно принципите за кои сум се залагал 2004 година, тоа е свежо сеуште кај мене и верувам дека оттука ќе трегне навистина Владата порешително и во наредниот извештај ќе имаме солидно место со кое можеме сериозно да се пофалиме дека сме сработиле во борбата против корупцијата. А останува само волјата кај сите нас, волјата кај политичките партии, тоа да го направиме. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Поради протоколарни обврски овде ќе прекинеме, па ќе продолжиме во 14,45 часот.

Ги молам координаторите на пратеничките групи да се видиме во 14,30 часот во салата Охрид.

(Пауза од 12, 47 часот)

(По паузата седницата продоложи со работа во 15,09 часот).

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со седницата.

Денес ќе работиме до 18,00 часот, како што е редовното наше работно време. Пред да започнеме, ве молам да ме извините за ова задоцнување. Судено ми е денес да се извинувам и тоа за она што најмногу мразам, а тоа е за задоцнување. Уште еднаш ви се извинувам за тоа, но овој пат имам впечаток доста сигурен дека координацијата од која што доаѓаме заштеди повеќе време, отколку што доцниме од седницата. Можеби заштедивме еден, два или три часа време, така што координацијата беше плодна и затоа ве молам да го уважите ова извинување.

Продолжуваме со работа.

Реплика имаше господин Оливер Спасовски. Се извинувам на господинот Оливер Спасовски што репликата нема да има таква острица каква што требаше да има, но така излезе времето.

Повелете имате три минути.

**Оливер Спасовски:** Најпрвин, да му заблагодарам на колегата Анастасовски за доследноста во неговите ставови и за поддршката која што ја дава за амандманите на опозицијата. Сакам да му реплицирам во два дела од неговата дискусија. Едниот дел е дообјаснување. Опозицијата не ретерира во сопствените ставови по однос на поддршката на овој закон, ниту пак успешно ја сврте дискусијата во друга насока. Тоа се факти, тоа е суштинска измена на законот и заради тоа го променивме ставот. Значи, кога го градевме нашиот став беше врз основа на она што беше поднесено од Владата како законски проект. Тоа во текот на седницата се измени, така што воопшто немавме потреба успешно да ја свртуваме дискусијата, туку само го изградивме ставот врз основа на предлозите.

Второ, самиот укажа дека Парламентот полека но сигурно се претвори во инструмент на Владата, кога рече дека амандман и да поднесов во однос на овој закон, немаше да биде прифатен, заради тоа што веројатно е потребна политичка волја. Самите ако доволно не се почитуваме и цениме и самите ако не си го вратиме дигнитетот и сопствениот и на Собранието, мислам дека друг тоа нема да го направи наместо нас. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За збор се јави Илија Димовски.

Повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе.

Навистина јас се радувам поради тоа што овој закон предизвика големо внимание во Собранието на Република Македонија. Претставува интересно искуство да се чујат дискусиите и дебатите во врска со борбата против корупцијата и од пратениците кои досега можеа да се докажат во борбата со корупцијата, а и од овој другиот дел од Парламентот, оние кои што треба допрва да се потрудиме и да сработиме за да може навистина да се исполнат некои ангажмани.

Мене ми е жал што денешната дебата се претвори на дебата во исклучиво на еден или два члена од амандманот на Владата, а не се дозволи доволна широчина во дебатата во однос на другите промени кои што ги нуди за спречување на корупцијата, односно Предлогот за измени и дополнување на истиот закон.

Главна точка, она што СДСМ денес и вчера дебатираа и се обидуваат да го оспорат, е дилемата дали членовите на Државната комисија за спречување на корупцијата треба да бидат професионални или треба да бидат непрофесионално ангажирани во работата на Комисијата. Јас размислував и мојот став е апсолутно дека во случајов е поприфатливо вториот наин, оној кој што Владата на Република Македонија го предлага, непрофесионалниот ангажман. Тоа го мислам од неколку моменти.

Прво, искуството кое што го имаме од досегашната работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, според мене е генерално позитивно. Тоа треба да го цениме и да го почитуваме и треба да им дадеме

признание на оние десетина луѓе кои работат директно или индиректно во Комисијата за спречување на Комисијата, за целиот напор кој што го правеа во последните три-четири години, за сите судири кои што ги имаа и дури со државни институции, со Јавно обвинителство, се со цел да се истераат големи корупциски скандали и да се слушне за тие корупциски скандали пред јавноста. Значи, искуството кое што го имаме од досегашната работа на Државната комисија за спречување на корупцијата апсолутно говори во полза на тој начин на организирана поставеност на Комисијата.

Вториот аргумент е тоа што кога членовите на Комисијата би биле професионално ангажирани, тие директно за своето работно место, за својата животна егзистенција, за својата плата би зависеле од својот работодавец, од оној кој што ја исплаќа платата за нив, што апсолутно според мене би создало многу поголем линк на зависност на Државната комисија за спречување на корупцијата со владините институции. Оваа Влада, за среќа, покажа огромна политичка волја и желба сите значајни институции во Република Македонија кои што во наредниот период треба, веројатно за прв пат, сериозно да се позанимаваат со корупцијата, да ги тргне од своето влијание. Јас така ја разбирам и оваа желба на Владата, така ги разбирам и дебатите кои што се водат во департизацијата и деполитизацијата во Јавното обвинителство во Република Македонија. Исто така, сметам дека ваквата поставеност на Државната комисија за спречување на корупцијата ќе наиде на подобар прием кај претставниците на Меѓународната заедница и мислам дека полесно може да се објасни зошто Република Македонија се одлучила на овој начин да ја организира својата борба против корупцијата.

Исто така, она што мора да се потенцира и за што мораме да бидеме свесни, а и вие претседателе го потенциравте тоа дека борбата со корупцијата во Република Македонија на очиглед на сите ќе биде многу тешка. Треба две работи да бидат исполнети.

Првата работа е политичката волја кај сите релевантни политички субјекти во Република Македонија. Јас се надевам дека ниту една политичка партија застапена во Собранието на Република Македонија, се надевам дека ниту еден пратеник во Собранието на Република Македонија не пристапува кон оваа проблематика лицемерно. Се надевам дека она што сите го говориме, навистина суштински ќе покажеме дека имаме намера да го оствариме. Целокупноста во борбата против корупцијата ќе налага реформи во Јавното обвинителство, ќе налага многу посуштествена работа на Министерството за внатрешни работи, од онаа што ја имавме до сега, ќе налага многу попрофесионален и ослободен од партиски притисоци, ослободен од алигархиски притисоци, начин на работа на судството во Република Македонија. Значи, во онаа ситуација кога ќе биде оформена таа целокупност, ние ќе можеме да зборуваме за тоа дали Владата има сериозна намера да се бори против корупцијата или како што рекоа некои од колегите од СДСМ дека Владата има намера само да даде лажен привид дека ќе се бори со корупцијата. Јас апсолутно не се согласувам со таквиот принцип и сметам дека се користи за дневно политички цели, за негирање на било што, што е предложено од страна на Владата на Република Македонија. Состојбата со корупцијата во Република Македонија е алармантна. Сметам дека нема потреба од долги дискусии и опсежни дебати. Апсолутно граѓаните се свесни за тоа како функционираше државата во изминатите 15 години и колку корупциски скандали се случија во Република Македонија. Тие најчесто беа од приватизационен карактер или беа од карактер на злоупотреба на јавни овластувања и јавни функции на одредени носители.

Во последните неколку години се изнаслушавме за разно разни бачила, бачило 1, бачило 2, бачило 3, слушавме за Пелинце, за Рамстор, слушавме за издавањето на охридскиот хотел Магнус, слушавме за наместени анкети во “Чуму”, слушавме за студентски сместувања во Студентскиот центар во Скопје, слушавме за дератизација во Студентскиот дом во Охрид, слушавме доста изјави од поранешниот премиер Хари Костов, кој директно обвини неколку министри од својата Влада за корупциски скандали. Меѓутоа, од тоа немаше никаква полза. Тогашната политичка гарнитура очигледно не беше во можност да се справи со корупцијата. Јас се надевам дека овој пресврт кој што го прави СДСМ навистина ќезначи поткрепа и за Владата во борбата со корупцијата. Искрено сакам да изразам жалење за пропуштените четири години во борбата со корупцијата и ненаправеното ништо во насока на подобрување на јачината на државата да може да се справи со овие проблеми. Меѓутоа, повторно ќе потенцирам, јас сепак добронамерно ги разбирам дискусиите на колегите од СДСМ и се надевам дека сите ќе останеме достојни без разлика која партија или која политичка гарнитура ќе бида на власт против оваа појава, која што апсолутно и штети на државата, на граѓаните без разлика на етничка, политичка, религиска или било каква припадност.

Последниот извештај на Европската унија, кој што се однесува на периодот 1 октомври 2005 година до 30 септември 2006 година, јасно ги детектира проблемите во врска со корупцијата во тој период во Република Македонија. Само за потсетување, за да не се разбереме погрешно, а и да не ми бидат извртени моите зборови, Владата на Република Македонија во овој состав е избрана на 26 август. Значи, можете слободно да направите проценка колкав е соодносот и колкава е одговорноста. Не заради тоа некој на некого да му префрлува вина, туку заради тоа да знаеме кога што се правело или не се направило.

Во извештајот на Европската унија јасно е потенцирано она што и јас го дискутирав пред малку дека целокупноста на институциите и политичката волја на политичките субјекти имаат пресудно значење во борбата за спречување на корупцијата.

Оваа дебата која што се разви во врска со професионалноста или непрофесионалноста на членовите на Државната комисија за спречување на корупцијата, искрено мене ми изгледа како наоѓање на влакно во јајцето, па по било која цена спротивставувањем, не заради напад на Владата сега, туку заради оставање на простор во иднина после шест месеци, една година овој момент да се користи како аргумент во нападите спрема Владата на Република Македонија. Јас искрено се надевам и верувам во тоа дека Владата навистина ќе работи на подобрување на капацитетите на сите институции кои што ги спомнав за борба против корупцијата.

Принципите од кои што и ние како Собрание мораме да се водиме во наредниот период, а и Владата мора да се води, за да некако дадеме тежина на оваа борба со корупцијата е нулта толеранција, значи не смејат да постојат наши, ваши, не смее никој никого да го штити ако се докаже дека бил вклучен во корупциски скандал. Мора да се воведе повисок степен на внатрешна контрола во администрацијата, што мислам дека во новиот Предлог-закон за спречување на корупцијата на одреден начин го има предложено Владата, ќе зборувам малку подолу за тоа, намалување на дискреционите права на сите позиции каде што може да бидат намалени дискреционите права, транспарентност во процесот на јавни набавки, посебно во сегментите на здравството, образованието и одбраната, каде што на очиглед на сите беше најслаба точка во минатите четири години, односно најмногу корупциски афери излегоа од тие три ресори. Прецизното регулирање на процедурите и соработката помеѓу Државната комисија за борба против корупцијата и сите други институции кои што се надлежни за спречување на истата. Повторно ќе потенцирам, во законот тоа е една од најсуштествените измени, што навистина претставува за чудење зошто ниту еден од дискутантите до сега не го спомна делот во кој што на државните институции ќе им се наложи соработка со Државната комисија за спречување на корупцијата, делот во кој што на државните институции ќе им се наложи да доставуваат информации, да доставуваат податоци и се она што е потребно за успешно работење на Државната комисија за спречување на корупцијата. Исто така, она што Европската унија го потенцира во последниот извештај, а ние мора да го имаме во предвид и во работата на Собранието, меѓутоа и во работата на овие институции кои што на неколку пати ги спомнав денес, е да дадеме поголема тежина и значење на извештаите на Државниот завод за ревизија. Значи, тие извештаи ги има на интернет и ние како пратеници можеме да ги добиеме преку службите во Собранието, меѓутоа, до сега во изминатите четири години апсолутно не им е посветено никакво внимание во моментот на интернет можете да ги најдете ревизиските извештаи од Фондот за здравство за 2005 година, од Фондот за пензиско инвалидско осигурување и тн. и многу локални самоуправи, многу јавни претпријатија можете да видите со какви проблеми, со какви нелогичности се занимавал Државниот завод за ревизија. Тука мора во наредниот период да се посвети многу поголемо внимание во работата и на Собранието на Република Македонија и на извршната и на судската власт.

Што е она што се предлага со измените во Законот за спречување на корупција?

Прво, момент кој што мора да го поздравиме сите, без разлика на политичката припадност е намалување на можноста за корупција во политиката. Сегмент, кој што од разно разни причини до сега беше тргнат од дискусија, беше тргнат од законот или беше на минимален начин вклучен во законот. Значи, зголемвуње на опфатот на временскиот период во кој што може да се прават одредени трансфери во политичките партии од страна на државните органи и пред изборите, од денот на распишување на избори до крајот на кампањата, ќе претставува еден голем исчекор напред во спречување и во оневозможување на таа политичка корупција, која што за жал, во досегашните 15 години очигледно беше присутна на многу нивоа и на локално и на државно ниво.

Втора работа која што мене ми остави впечаток во измените и дополнувањата на законот за спречување на корупцијата е токму она внесување на одредби со кои што ќе се создадат услови за остварување на прецизна соработка помеѓу Државната комисија за спречување на корупцијата и сите други институции. Веројатно, на никој од овде не му се избледнети сеќавањата колку проблеми Државната комисија за спречување на корупција имаше да оствари соработка со институциите од извршната и од законодавната власт, за да се расветлат одредени случаи, одредени корупциски скандали, одредени корупциски афери во минатото.

Со овој закон ќе се овозможи на многу полесен начин Државната комисија да остварува соработка и да ги добива неопходните информации и податоци за својата работа.

Исто така, веројатно повеќето пратеници, или пак дел од пратениците ќе имаат дилема во врска со одредбата со која на сите функционери ќе им се даде обврска да имаат јавност во своите анкетни листови. Според мене ова е апсолутно позитивен момент и позитивна промена. Ако како луѓе сме се нафатиле да работиме јавни функции, ако сме се нафатиле да земаме плата од даноците прибрани од граѓаните на Република Македонија, мораме да се трудиме да бидеме до максумум отчетни пред граѓаните на Република

Македонија. Во Законот прецизно е дефинирано дека личните податоци ќе бидат заштитени, меѓутоа имотот и основот по кој се стекнал имот не може да биде скриен од јавноста.

Јас посебно ќе потенцирам, сметам дека ова е една од посебно добрите измени во Законот за спречување на корупцијата.

Исто така, работа која посебно мора да се потенцира е внесувањето во целокупниот квантум на лица кои се должни да доставуваат анкетни листови до Државната комисија за спречување на корупцијата и вработените во Државната управа, вработените во општинските администрации и вработените во администрацијата на Градот Скопје.

Апсолутно е детектирано и од нас и во сите извештаи на Европската Унија дека и државната администрација во голем сегмент е заслужна за толкавиот висок степен на корупција во Република Македонија. Ова ќе предизвика многу поголема контрола, ќе предизвика многу поголемо внимание, ако сакате, од лицата вработени во државните органи спрема начинот на кој ќе ја извршуваат својата функција во иднина. Има многу вработено во Управата за јавни приходи, како инспектори, има многу вработени како инспектори во Министерството за внатрешни работи, има многу вработени во Македонија пат, во медицинските установи итн, за кои сме слушале во изминатиот период, од месец на месец од недела во недела дека се јавуваат големи скандали. На овој начин ќе се воведе ред и во тој дел од јавната администрација која исто така како нас пратениците ја добива платата благодарение на данокот што го плаќаат сите граѓани во Република Македонија.

Момент кој исто така треба да се има предвид е тоа што конечно и членовите на Државната комисија за спречување на корупцијата ќе мораат своите анкетни листови да ги доставуваат до Собранието на Република Македонија односно Собранието е тоа каде членовите на Анкетната комисија ќе бидат должни да ги приложуваат своите анкетни листови. Ако тие не се чисти, ако тие не се професионални, не може да си извршуваат својата функција така како што сите ние замислуваме дека треба да ја вршат во иднина.

Јас се надевам дека во понатамошната дебата во Собранието на Република Македонија ќе бидат опфатени сите сегменти од законот за измени и дополнување на Законот за спречување на корупцијата, а нема само да се дефокусира јавноста на еден од 10-тина многу битни сегменти во Законот, во оној дел каде зборува за професионалноста или непрофесионалноста во извршувањето на функцијата член на Државната комисија за спречување на корупцијата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Три минути реплика за господинот Стоиљковиќ.

**Иван Стоиљковиќ:** Благодарам господине претседателе,

Да појаснам две тези од излагањето на господинот Димовски.

Првата теза е дека Државната комисија за борба против корупцијата, покажала резултати и дека за нивните резултати треба да им се одаде признание. Добро, еве да кажам дека тоа е негово лично мислење. Јас имам само неколку прашања на ова негово тврдење.

Дали Државната комисија за борба против корупцијата во изминатиот период носеше политички одлуки? Одговорот е да. Тоа не го тврдам јас, тоа го потврдија и носителите на функции во Државната комисија за борба против корупцијата. Тие самите рекоа дека во изминатиот период носеле политички одлуки.

Втората работа или второто прашање кое сакам да го поставам како контра аргумент на тврдењето дека треба да им се одаде признание е прашањето дали Државната комисија во изминатиот период постигнала исклучително задоволителни резултати. Одговорот е не, затоа што и самите носители на функции во Државната комисија за борба против корупцијата рекоа дека во изминатиот период не успеале на соодветен начин да се борат против корупција и криминал и потоа наведоа еден куп причини.

Третата работа, зарем не сметате дека јавноста во Република Македонија заборави дека во анкетните листови броевме овци, кокошки и незнам се што, имот што го пријавуваа пратениците, што на одреден начин ја смали, а условно кажано, или ја смали цената на Државната комисија за борба против корупцијата и криминалот, затоа што сосема несериозниот пристап кон собирање на информации за имотитите на пратениците, на одреден начин и негативно се рефлектираше врз самиот имиџ на Комисијата.

И на крајот тезата дека по начинот на кој Државната комисија за борба против корупцијата ќе ги води активностите во наредниот период, ќе се мерело дали Владата е подготвена или во колкава мера е подготвена да се справи со корупцијата и криминалот во Република Македонија. Сосема погрешна теза, од проста причина што Владата на РМ за своите активности во борба против корупцијата ќе се мери врз основа на сопствените одлуки, а не на активностите на Државната комисија за борба против корупцијата и криминалот.

**Љубиша Георгиевски:** Една минута контра реплика за пратеникот Димовски Илија.

**Илија Димовски:** Ќе почнам од втората забелешка што ја даде почитуваниот колега Стоилковиќ.

Јас кажав дека резултатите на Владата на Република Македонија во борбата против корупцијата ќе бидат плод на целокупноста од функционирањето на неколку институции кои ги набројав и сметам дека не е потребно да ги

набројувам, од аспект што сум сигурен дека вас многу добро ви е познато она што говорев.

Вториот дел што го негирате, јас само би ве потсетил. Имено, на вас како пратеник веќе втор мандат во Собранието на Република Македонија, веројатно ви е многу подобро познат Законот за спречување на корупцијата, во онаа форма која сеуште е во Република Македонија и која беше до јуни 2004 година. Состојбата и можностите кои ги има, а во споредба со тоа што сега се нуди во новиот закон е драстично различен. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор пратеникот Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Почитуван претседателе, колешки и колеги пратеници, претставници на Владата,

Дозволете ми на почетокот да се осврнам само на еден дел од Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата и да се согласам дека една од најитните работи е борбата за спречување на корупцијата и организираниот криминал. Меѓутоа, веднаш да реагирам дека СДСМ воопшто не прави пресврт, кога станува збор за борбата против корупција, туку напротив е конзинстентен во својот мандат. Очигледно дека интенцијата на претходниот дискутант беше дека ние тоа не сме го правеле и не сме го практикувале во претходниот мандат. Тоа впрочем го признава и Владата на ВМРО-ДПМНЕ, НСП, ВМРО-Народна партија, Социјалистичката партија и незнам кои уште се, заради тоа што во причините кои се наведени заради кои треба да се донесат измени на Закнот, признава дека и покрај тоа што основниот Закон бил донесен 2002 година, неговата примена фактички започна на 12 ноември 2002 година кога коалицијата на СДСМ почна да ја практицира власта. И покрај тоа што СДСМ како партија инсистираше и во периодот кога беше донесен основниот Закон, за прв пат, неговата примена да почне веднаш. Јас сакам да прашам, со оглед натоа што Никола Груевски беше министер во таа Влада, зошто имаше пречки во ВМРО-ДПМНЕ веднаш да се отпочне со примената на тој закон, освен ако ВМРО-ДПМНЕ, не беше подготвено веднаш да почне со борбата против корупцијата. Веројатно исплаШени дека би требало во тој случај да почнат од сопствените редови.

Меѓутоа, тоа што исто така ме запрепасти, за кое јас очекувам да добијам одговор е неконзистентниот став токму на ВМРО-ДПМНЕ кога станува збор за антикорупциската комисија и за ефектите од нејзиното работење. Имено сега слушнавме дека би требало да им се одаде признание на членовите на Анти корупциската космија, за нивната работа, а тоа е навистина прогрес во ставот на ВМРО-ДПМНЕ за анти корупциската Комисија. Имено, ВМРО-ДПМНЕ во претходниот период додека беше во опозиција тврдеше дека Државната комисија за борба против корупцијата е апологет на власта, а нивната иницијатива за антикорупциско тело, партиско тело е затоа што сметаат дека власта не може да се контролира. Што се случи за толку кратко време за ВМРО-ДПМНЕ или негови претставници наеднаш да го сменат ставот за антикорупциската Комисија. Се разбира, тоа што се случи во меѓувреме е фактот дека Маневски кој беше претседател на Антикорупциската комисија, сега стана министер за правда во Владата на ВМРО-ДПМНЕ и дека ако тогаш зборувале, претставниците на ВМРО-ДПМНЕ, за партиска пристрасност на Комисијата, тогаш би требало да се однесува за господинот Маневски.

Она што е загрижувачко уште на почетокот на мандатот, јас тоа го зборував и кога беше изборот на Владата, е тоа дека од самиот старт оваа владина коалиција ја издевалвира борбата против корупцијата. Со самиот факт што го зема претседателот на Државната комисија за борба против корупцијата, за министер во нивната Влада, самиот факт што претседателот на Транспарентност Македонија, што исто беше невладина организација што се занимаваше со прашањата на корупцијата, госпоѓата Коневска ја зеде за министер во Владата и со тоа ја издевалвира определбата не на владеачкото мнозинство туку на Република Македонија, за борба против корупцијата и покрај тоа што имаат во предвид дека тоа е една од најболните точки и покрај тоа што имаат во предвид дека тоа е една од главните забелешки во секој извештај што го добиваме од Европската комисија. Трагедијата да биде уште поголема, “Транспарентност Македонија” стана извор на кадри за владеачкото мнозинство. Јавниот правобранител исто така беше член на “Транспарентност Македонија”. Тогаш јас ве прашувам како можеме да зборуваме за реална борба против корупцијата, кога практично се издевалвираа сите оние кои што барем во еден период се сметаа за непристрасни и независни во борбата против корупцијата, се до оној момент кога веќе беше јасно дека може да има смена на политичката гарнитура, па госпоѓата Коневска ја гледавме и во дел од спотовите на владеачките партии, што ја издевалвира, уште еднаш ќе повторам, не само неа како личност, туку и целата борба против корупцијата, за на крај и тоа во овој период на владеењето на ВМРО-ДПМНЕ, затоа што сум убедена дека ќе има уште повеќе или уште поголеми гафови,да се дрзне министерот односно Владата на Република Македонија и министерот Трајко Славески, да се меша во работите на “Транспарентност Македонија”, да се меша директно во невладиниот сектор, што е уште поголем преседан. Значи, Владата, меѓу другото, успеа да си го обезбеди за овој период од мандатот е да онеспособи две тела. Едно тело е “Транспарентност Македонија”, како невладина организација. Другото тело е од Државната комисијата за борба против корупцијата, практично да ги онеспособи во овој период да ја следат работата на државните институции и да реагираат на коруптивни дејности заради тоа што “Транспарентност

Македонија", меѓу другото и заради заслуга на Владата, веќе не постои, а Државната комисија за борба против корупцијата, реално, веќе го нема тој рејтинг и углед заради тоа што нивните први луѓе, истурени членови се министри во Владата. Сега јас ве прашувам зошто граѓаните би верувале во  искреноста на владеачкото мнозинство, во борба против корупцијата, кога сето ова покажува дека тоа е само декларативно и дека важи само доколку не се однесува на владеачкото мнозинство, на неговите партии, само ако не се однесува кога се тие на власт, туку напротив, само како политички инструмент.

Она што дополнително ќе ја влоши комплетната слика е ако видиме дека на крајот на целиот овој процес да бидат вклучени партиски личности од типот на Ѓорѓи Поев или Ѓорѓи Наумов, како што се шпекулира во медиумите, што дефинитивно ќе даде лоша слика за државата и за борбата против корупцијата. Меѓутоа, тогаш дефинитивно ќе сметаме дека борбата против корупцијата е закопана. Тогаш, мислам дека нема да има политичка партија која го поддржува владеачкото мнозинство, а што може да каже дека власта прави и презема мерки во таа смисла и соработува со Државната комисија за борба против корупцијата, на искрен и ефективен начин.

Она за што би сакала да добијам одговор е зошто овој Закон се носи во скратена постапка. Ако имаме суштински измени, ако сите сме погласни дека ова е многу важен закон, точно, законот содржи добри решенија, зошто се брза во скратена постапка да се донесе ваков закон кога во регуларна постапка имавме можност сите подлабоко да анализираме одредени прашања.

Законот е примен на 1 ноември, Законодавно-правната комисија одржала седница на 7 ноември,ставен е на седницата на 8 ноември, а Владата поднесува амандмани на Законот на 9 ноември, што укажува на крајно несериозен однос и пристап од страна на Владата. Проблемот е што ова не е прв пат, проблемот е што ова стана пракса на Владата. Речиси нема закон кој дошол на дневен ред во овој мандат, а да не се случува истото. Се поднесува во Собранието, се разгледува во комисиите, доаѓа на дебата во Парламентот и откако ќе истечат сите рокови за амандмани, Владата поднесува амандмани со кои суштински ги менува законите и уште парламентарното мнозинство го ускратува правото, деловничкото право на опозицијата, да реагира со амандмани на новите измени кои се направени. Ако продолжиме со ваков однос, верувајте ми дека никогаш нема да почнеме преговори со Европската комисија. Никогаш нема да видиме дека делот во извештајот што се однесува на работата на Собранието или за дијалогот со опозицијата, сеуште ќе постои во сите наредни извештаи  на Европската комисија и покрај тоа што за прв пат се јави во овој Извештај кој е поднесен минатата недела.

Меѓутоа, јас искрено би сакала да ја прашам госпоѓа Бонева и покрај тоа што не е тука, се надевам дека ќе има некој кој ќе и пренесе и тоа госпоѓа Бонева заради тоа што, барем официјално е координатор на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, до кога најголемата пратеничка група ќе го толерира ваквото понижување од страна на Владата, затоа што ако е нешто сигурно од ваквото однесување од страна на Владата, тоа е дека Владата го руши и тоа многу успешно достоинството на пратениците од владеачкото мнозинство. Ги става во позиција да го бранат законот, да ги бранат решенијата, одредени решенија и по комисии и на пленарни седници за потоа да се случи нешто сосема друго.

Уште еден доказ дека СДСМ е конзистентен кога зборуваме за овие прашања што сега ги актуелизираме е фактот дека во претходниот мандат, 2004 година, покрај другите измени што се направени во функција на подобрување на борбата против корупцијата е тоа дека ние ги усвоивме измените на барања на одредени членови на Антикорупциската комисија, членвоите на Државната комисија за борба против корупцијата да ја вршат професионално функцијата. Тоа ќе го видите во законот. И уште се вели, во преодните и завршните одредби дека тоа ќе се практицира по истекот на мандатот на постојните членови.

Значи, ние, со таа измена, до колку сакавме можевме да кажеме во рок од 60 дена ќе се избере нова Комсиија за борба против корупцијата, меѓутоа бевме свесни дека тоа не е добро. И дека ако се направат вакви измени, тогаш ќе биде добро да важат од новиот состав на Државната комисија за борба против корупцијата. Тоа кажува дека ние сме конзистентни во нашето барање Комисијата да има професионални членови. Вие сте тие кои не сте конзистнтни и го менувате ставот и тоа за многу кратко време.

Имено, на 1.11. е поднесен законот во кој што се вели дека членовит ена Државната комисија за борба против корупцијата треба да бидат професионалци. На 3 ноември, министерот за правда Михајло Маневски вели, изјавува дека смета дека професионализацијата на Комисијата е добра за зајакнување на капацитетите на институциите задолжени за борба против корупцијата.

Меѓутоа, на истиот ден, кога Маневски се заложи за професионализација на членовите на Државната комисија за борба против корупцијата Тасева се обрати со спротивен став, дека е добро во Комисијата да поминат што повеќе членови кои така не ќе може да бидат ставени во некаква зависна позиција, односно Слаѓана Тасева е против професионализацијата на членовите на Државната комисија за борба против корупцијата.

Она што јас можам да го заклучам од ова, со оглед на тоа што после оваа изјава уследија амандманите на Владата е дека Слаѓана Тасева има поголем кредибилитет во Владата отколку

министерот Маневски. Тогаш јас се прашувам зошто министерот Маневски е сеуште на истата позиција ако не може да се избори во сопствената Влада за ставот што тој цврсто го застапува. Мене ми е многу жал што господинот Маневски не е тука заради тоа што навистина ќе мораше да одговори на многу прашања. Затоа што очигледно заменик министерот внесе дополнителна конфузија и не можеше да каже кој во суштина е ставот на Владата. Ставот на Владата едно е во предлозите што се дадени, а друго е во експозето што го имаше заменикот министер.

Ако во нешто се согласувам со господинот Маневски, тоа е дека треба реална а не вербална политичка волја за спречување на корупцијата. И јас секогаш сумс е залагала за тоа. Меѓутоа, да го потсетам господинот Маневски дека токму заради тоа што треба реална, а не само вербална политичка волја, недозволиво беше господинот Маневски, како претседател на Државната комисија за борба против корупцијата на покана на Собраниеот на Република Македонија, кое Собране е основач на Комисија, на 28 март 2006 година да одговори дека претседателот е спречен да присуствува на седницата на пратенички прашања, каде што беше повикан, поради претходно предвидени неодложни обврски и поради одржување на седница на Комисијата закажана за тој ден.

Оваа не е реална борба, не е реална волја за борба против корупцијата. Јас се прашувам како господинот Маневски, со ваков став спрема Собранието на Република Македонија како ќе соработува прво со Собраниеот на Република Македонија, дали воопшто го почитува, како ќе соработува во борбата против корупцијата и организираниот криминал кога игнорира ваква институција, како што е Парламентот. Или, можеби претпоставуваше дека тогаш ќе зборуваме за неговата поврзаност на неговата сопруга во случајот Орка, па сметаше дека не е добро, дека за сите може да се зборува кога станува збор за борба против корупцијата, меѓутоа не и за членовите на Државната комисија за борба против корупцијата.

Меѓутоа, нашата заложба, членовите на Комисијата да бидат професионалци не се однесува само на интенцијата да може да се фокусираат секојдневно на овие активности, туку да се спречи можен конфликт на интереси, што би можело реално да се случи до колку некој од Комисијата, заради професијата што ја обавува, реално да дојде во опозиција да наиде на конфликт на интереси, да брани некоја позиција или некоја личност за која што има пријава во Антикорупциската комисија.

Она што јас очекувам од Антикорупциската комисија да го надмине во наредниот период е да престане да биде селективна. Антикорупциската комисија нема право на селективност. Антикорупциската комисија не може да избира со кои предмети ќе се занимава. Антикорупциската комисија треба да ги разгледува сите дописи, сите реакции за корупција што доаѓаат до неа. За жал, тоа во минатото не беше случај. Ние бевме сведоци дека Антикорупциската комисија се занимаваше со имотот на државните функционери, со анкетните листови и со одредени афери што беа прилично атрактивни и што им овозможија, на дел од членовите на Антикорупциската комисија да изградат одреден статус и рејтинг во општеството.

Тоа не е функција на Државната комисија за борба против корупцијата. Тоа не би можело да се случи во наредниот мандат. И, ако биле такви препораките во Конвенцијата на ОН, господине заменик минситер, тогаш зоштопрвиот предлог на Владата, што дојде, беше дека членовите на Комисијата треба да бидат професионалци. Тоа зборува дека вие воопшто сериозно не сте се осврнале на решенијата кога сте го подготвувале текстот. Како не сте се повикале тогаш кога сте го подготвувале законот дека е обврска од Конвенцијата на ОН членовите на Комисијата да не бидат професионалци. Како се сетивте на тоа откако поминаа сите можности за поднесување на амандмани, откако помина дебатата во Комисијата, во комисиите, откако сите рпатеници тука дадоа поддршка на измените што се направени.

Со ваква ситуација јас очекувам, до колку е реална волјата за борба против корупцијата, очекувам да ни одговорите експлицитно од каде ќе ги најдете финансиските средства, бидејќи велите дека се потребни 270 илјади за до крајот на оваа година, 3 милијони и 300 илјади денари за наредната година, меѓутоа имате обврска да кажете од каде. Ако се залагаме за транспарентност во работењето тогаш мора да кажете, имате обврска да кажете од акде тие средства и тоа треба да го кажете во законот каде што сте обврзани да го направите тоа.

Ако е реална волјата за борба против корупцијата, тогаш ќе го прифатите амандманот со кој што се залагаме членовите на Државнат акомисија да се бираат со двотретинско мнозинство, затоа што тогаш нема да има политичка партија што може да каже дека Антикорупциската комисија е апологет на власта, тогаш нема да има политичка партија по примерот на ВМРО-ДПМНЕ што ќе прави партиска комисија за борба против корупцијата и уште да го промовира сега во медиумите нејзиниот партиски претседател на партиската комисија за можен претседател на идната комисија за борба против корупцијата. Тогаш ќе биде реална , а не декларативна политичката волја и тогаш, се разбира, ќе може комисијата да прави притисок на државните органи. Се согласувам дека не е Антикорупциската комисија клучна, туку е една од алките во борба против корупцијата.

Ќе се согласите да има ротирачки претседател, а не еден претседател со мандат од 5 години и фиксно избран, а, доколку не, тогаш цврсто ќе инсистирам и ќе ги држам за збор претставниците на ВМРО-ДПМНЕ односно

партијата ВМРО-ДПМНЕ, а со оглед на тоа што видовме дека и другите партии што се во коалиција, практично дека ја реализираат политичката програма на ВМРО-ДПМНЕ, дека би требало 4 членови да предлага опозицијата, а 3 власта како делови што ќе бидат во составот на комисијата што беше потенцирано во претходниот мандат додека ВМРО беше во опозиција.

Инаку, јас искрено би сакала оваа комисија да има најмалку работа, затоа што тогаш практично ќе покажеме дека сме достигнале одреден успех во борбата против корупцијата. Меѓутоа, во прилог на тезата дека Антикорупциската комисија не е единствената, туку е алка во синџирот на институции за борба против корупцијата е примерот на Романската министерка за правда која практично одржа лекција на сите. Меѓутоа, за жал, Македонија нема среќа да има таков минситер за правда, затоа што очигледно, господинот Маневски само ја злоупотреби функцијата претсеател на Антикорупциската комисија за конечно да ја оствари својата политичка цел и да стане минситер за правда во Владата на ВМРО-ДПМНЕ. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплика се пријавија Авировиќ Владанка, Цветко Грозданов, Вељановски Трајко. Ајде за репликите да одиме по ред.

Нека повели прво Авировиќ Владанка, три минути.

**Владанка Авировиќ:** Благодарам претседателе.

Само ќе реплицирам во делот на излагањето на почитуваната колешка, имено борбата против корупцијата во Македонија, се согласувам во едно, дека е многу сложена и тешка и ситуацијата во коај ние се наоѓаме е кристално јасна, бидејки Европа нема да не прими со овие перформанси што ги иамме сега. Стопеттото место на Македонија, јасно кажува дека уште долго ќе го чекориме тој пат.

Меѓутоа коелшке, ако беше реална вашата борба во претходниот мандат, борбата против корупцијата, ќе се согласите дека главниот фокус требаше да биде насочен кон почитување на законите. Системски не успеавте и тоа треба да го признаете. Системски. Јавното обвинителство, Јавниот обинител, Државниот завод за ревизција, понатаму судовите, Министерството за внатрешни работи и ред други институции во минатиот состав, за жал, не успејаа во борбата против корупцијата да обезбедат на Македонија полесен влез во Евроспката унија.

Ние имаме податоци дека Државниот завод за ревизија има во сите институции констатирано незаконско работење на највисоките врвови, почнувајки од министрите па се понатаму, до службите и администрацијата. Има констатирано збирно дека над 150 милијони евра се злоупотребени, незаконски се работело со тие суми во министерствата. Јавниот обвинител, ве прашувам, што сработил во претходниот состав, па така вие гласно да ја напаѓате Антикорупциската комисија популарно наречена или пак некои од колегите кои работеа во Транспарентност и во Антикорупциската комисија. Тоа е еден од ланцит екој неодлучува баш многу во таа борба.

Прво, Антикорупциската комисија нема мериторно право да одлучува. Таа има превентивна улога.

Второ, Транспарентност има улога да ја следи состојбата во нашата држава. Таа нема никаква друга улога, сем да направи анализи.

Значи, вие ја дефокусирате таа борба. Затоа не успеавте. Затоа, во претходниот мандат и редно е да кажете дека не успеавте во таа борба. Немојте да дефокусирате дека овие две се најзначајни карики, Антикорупциската комисија.

За жал, вашето излагање упатува на тоа дека граѓаните ќе помислат дека Антикорупциската комисија е најважна, што не е. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Мене ми е многу жал што колешката не ме разбрала што сум зборувала.

Прво, неколку пати нагласив дека Антикорупциската комисија е само една алка во синџирот на институции за борба против корупцијата. Она што сега во репликата се обидува да го направи е многу загрижувачко. Тоа е да ја релавитизира улогата на Антикорупциската комисија и на Транспарентност Македонија.

Напротив, колку повеќе имаме невладини организации кои се занимаваат со ова прашање, толку е поздраво за државата. Колку повеќе независни тела имаме кои се занимаваат со ова прашање, толку е поздраво за државата. Вашата дискусија покажува дека само користите одредени аргументи за политички поени, а не реална волја. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Дулиќ Благородна, реплика три минути, повелете.

**Благородна Дулиќ:** Благодрам.

За цело време на дискусијата од почитуваната колешка можевме да слушнеме дека како предлагач на законот и на амандманот да е министерот за правда господинот Михајло Маневски, а да бил под влијание на член, сегашниот член на Антикорупциската комисија Слаѓана Тасева. Тоа е залажување на целата јавност и сакање да се искриви целата слика на постапката што се води по овој закон.

На сите ни е јасно дека предлагач, единствен е Владата на Република Македонија. Мислам дека и од ваша страна требаше да и се забележи на колешката за злоупотреба на конкретните именувања на лицата кои беа спомнувани, како да е тоа нивна приватна работа, да седнале во Охрид во некоајкафеана и се договриле ќе правиме вака или онака.

Ве молам, тоа е многу несериозен пристап, целиот пристап при донесување на овој закон.

Сметам дека, без оглед дали некому му е трн во око Михајло Маневски од оваа или онаа причина или Слаѓана затоа што не дозволи упад во Транспарентност-Македонија, сметам дека треба да сме достоинствени и на висина на задачата како пратеници да се држиме на она што навистина доликува и да не ја замајуваме јавноста.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Конра реплика за Славица Грковска. Повелете.

**Славица Грковска:** Претпоставувам дека немањето искуство како пратеник на мојата колешка и претставува мал хендикеп при оваа реплика, заради тоа што точно, предлагач е Владата на Репулбика Македонија, меѓутоа, претставниците и изготвувачи се ресорното Министерство за правда и токму заради тоа се наведени министерот за правда Михајло Маневски и заменикот на министерот Сашо Василевски.

Што се однесува на другиот дел, повторно ќе цитирам, Маневски се заложи за професионализација на членовите на Државната комисија, наспроти Тасева дека е добро во Комисијата да поминат што повеќе членови кои така не ќе можат да бидат ставени во некаква зависна позиција. Ова е јасно дека на крај преовладал ставот на Тасева.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Јагнула Куновска, повелете, три минути реплика.

**Јагнула Куновска:** Благодарам.

Колешката зборувајќи за измени и дополнувања на Законот за борба против корупцијата, навистина сите политички набои што ги имаше во себе и против лица и против било кои закони и ставови ги изнакажа.

Меѓутоа, колку ја разбрав нејзината поента, ќе се обидам кратко да одговорам, ама прво да и замерам. Оваа дискусија не беше нејзина работа да кажува чија политика денес се спроведува во ова Собрание. Треба да знае дека се спроведува политика на Владата, а не политика на ВМРО, односно било чија политика, и на ВМРО нека се спроведува, нема таа што толку многу да се загајли. Ова е Владина политика. А колку што ја разбрав јас нејзината поента, вели реална а не вербална политичка борба, политичка волја за борба против корупцијата.

Луѓе, оваа власт е од пред два месеци, што би се рекло уште на столче не седна. Зарем забораваат сите од СДСМ и од таа коалиција дека ја практикуваа корупцијата до пред два месеци и вербално дури подќутуваа на многу работи и корупциски скандали, кои во јавноста сакале или не сакале по силата на работите избиваа на виделина. Па тие поради тоа системски не успеаа, а не успеаа затоа што беа поклопени од корупцијата. И од кога сега толку одеднаш за два месеци не цели, големи поборници, и крити и зери да речам јас, а не критикувачки на туѓа работа приоѓаат на борбата против корупцијата. Но малку треба да се има и усул. Уште оваа власт дали можела или не да седне и да почне да се бори.

Второ, тие имаа министер за правда. Зошо малку не погледнат назад што тоа Министерство работеше во однос на борбата против корупцијата, туку сега се занимаваат како дошол Маневски од Комисијата за корупција, односно борба против корупција, антикорупција на министерска фотелја. Па луѓе, да зборуваме право без да го браниме, без јас да се обидувам адвокат да му бидам на него, па човекот направи напор да почне да се справува со корупцијата во оваа држава. Толку бевме искорумпирани тогаш, и уште сме како резултат на тоа, бидејќи ова 105 место не го заслуживме сега ние како корумпирана држава туку го имаме од претходните четири години како анализа и состојба, така што тој доколку навистина земеше правилен потег да направи, нешто да отвори, некоја работа, секогаш од коалицијата која беше на власт го набедуваа дека тој ја брани опозицијата и за да ја заташкаат работата, поради тие два несреќни станови таму, јас не знам дали беа вистина или не, се зафатија за денешниот премиер Никола Груевски, тоа па тоа, дури ги гледавме и за време на кампањата, едни црни паноа “Мамо, имам два стана, па ќе ти купам две згради”. Толку некритични, а за себе воопшто да не погледаат. Поради тоа, мислам дека малку покритични треба да бидат. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Една минута контрареплика за пратеникот Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Колешке, ако очекувате опозицијата да го зборува само она што и се допаѓа на власта, тогаш се лажете, тоа зборува дека во суштина немате доволно демократски капацитет да ги примите сите забелешки кои што се однесуваат на власта. Една од улогите на опозицијата е да ја критикува работата на власта, да реагира на одредени решенија, да предлага нови кои смета дека се подобри и тоа за вас би требало да стане нормално. Во однос на тоа дека не е моја работа чија политика спроведува Владата, мене ми е многу жал ако вие се срамите од фактот дека сте во Владата на ВМРО ДПМНЕ, иако тоа толку многу ви смета.

(Реакција на пратеникот Јагнула Куновска)

**Љубиша Георгиевски:** Реплика за господинот Цетко Грозданов, а вие продолжете во бифе дискусија.

**Цветко Грозданов:** Благодарам почитуван претседател.

Почитуван господине заменик министер, почитувани колеги пратеници, очекував во однос на колешката Славица Грковска да слушнам нешто што навистина ќе остави простор да размислуваме и да согледаме некои слабости во она што ние како власт сме го предложиле, но за жал морам да констатирам дека или се работи за добро составен состав или се работи за една ментална матрица на СДСМ, од кој во овој ден и

половина колку што сме тука, се изнаслушавме едни те исти работи, со тоа што сите станувате, листот го менувате како што го правеше тоа ДУИ, па сега редот е кај нив, но во секој случај тоа граѓаните ќе го видат и ќе размислат.

Би сакал да реплицирам на она на кое се произнесе колешката Грковска дека се практицира власта. Да, колешке Грковска, се практицира власта, се практицира од ваша страна околу 14 години и за 14 години Македонија стигна на 105-то место со корупцијата. Значи длабоко и добро ја практициравте власта, што сега тешко ќе може некој како господинот Маневски како прв антикорупционер да се справи со толку голема корупција. И не гледам ништо лошо господинот Маневски како антикорупционер да биде и минситер во Владата на господинот Груевски потпчно на ВМРО ДПМНЕ и како непартиски член, затоа што како антикорупционер нормално се залагаме да постигнеме или да докажеме дека една Романија како што направила таков успех, можеме да направиме и ние, па еве ни човек од антикорупциската комисија кој што е непартиски, кој што човек има свое достоинство и храброст да застане на првото место на правдата, да се обиде, а да кажам мое личномислење дека и ќе успее, да ја намали корупцијата во Македонија и од 105 место да стигнеме подолу, поточно да бидеме со помала корупција. Ќе напомнам само за она што го кажавте за партиски претседатели и партиски комисии, поточно јас ќе кажам дека се изнаслушавме и она што беше упад восистеми и различни работи. Ќе напомнам само да се вратиме два дена поназад кога беше изборот за судии на Државниот судски совет, кога би биле во она од каде што доаѓам јас госпоѓице Грковска, ќе ви кажам дека можеби ќе бевте точка Грковска или ќе бевте запирка Грковска или извичник Грковска. Тоа можете да го проверите и да видите дека е вистина, а во периодот на гласањето секој судија беше задолжен да постави еден интерпункциски знак за распознавање. И вие ли најдовте да кажувате дека ние ќе правиме партиски или ќе ја практицираме власта? Па ќе ве молам, достасо демагогии. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Една минута контрареплика за Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Во ситуација кога сме како држава на почетокот на имплементирање на судските реформи и кога вчерашните оценки беа дека за прв пат се избрани на тајно гласање најдобрите, она што можам да очекувам од господинот Грозданов е јавно да им се извини за навредата на судиите, затоа што ова не е начин на кој власта би требало да се однесува кон судските институции. Ова не е знак, во начинот на размислување на владеачкото мнозинство спрема улогата на независната позиција на судиите.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика за пратеникот Трајко Вељаноски. Повелете три минути.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам претседателе.

Во излагањето на пратеникот Грковска и во излагањето на другите пратеници од опозиционата партија СДСМ имаше извитоперување на фактите. Не кажувањето на вистината, поставувањето на теза, лажна теза според која после даваат одговор. Треба еднаш да им биде јасно, и на јавноста да и биде јасно, дека Законот за спречување на корупцијата во кој е воведен професионален статус на членовите на Државната комисија е направен со Законот за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата во 2004 година. Тогаш, се воведе професионален статус и во измените на Законот за спречување на корупцијата доставен до Собранието нема никакви измени во кои се кажува дека од непрофесионалниот статус членовите добиваат професионален, а после неколку дена Владата го менува ставот. Не е точно. Точно е само тоа дека во овие измени има промена во мандатот и начинот на изборот на членовите на Државната комисија за спречување на корупцијата. А, професионалниот статус бил воведен со измените на Законот за спречување на корупцијата во 2004 година. Исто така е точно дека на 9 ноември е доставен амандманот откако е одржана Третата конференција на Државната комисија за спречување на корупцијата во Струга, каде што има препораки.

Вие господа не мора да имате толку амонизитет спрема госпоѓата Слаѓана Тасева па да ја поистоветувате неа со Државната комисија за спречување на корупцијата и со конференцијата која е одржана. Таму на таа конференција имало претставници од меѓународните организации, имало претставници и од други тела што се надворешни, кои укажувале дека не е добро да има професионален статус Државната комисија за спречување на корупцијата, затоа што станува владино тело, станува владина комисија, зависна е од државата и на тој начин нема да се доведе таа Комисија во состојба да биде под диктат на Владата. Тогаш немаме борба против корупцијата. Би требало да го прифатите овој амандман, каде што претходно вие сте воделе професионален статус на членовите на Државната комисија за спречување на корупцијата, но со овој амандман се менува нивниот статус, стануваат непрофесионални и не зависни од Владата. Тоа е суштината, тоа е препораката, а не е препораката од Слаѓана Тасева. Препораката е од конференцијата одржана во Струга и не мора да имате толкав амонизитет спрема една личност која вие ја протежиравте првиот пат, вие кажувавте дека таа личност е голем борец против корупцијата. Откако почна против вас, откако почна против вашите бачила да зборува и тие да излегуваат на виделина, таа ги искажуваше како член и како претседател на Државната комисија за спречување на корупцијата, тогаш ви стана

личност која вие не можете да ја поднесете. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика за Грковска Славица. Повелете еднаминута.

**Славица Грковска:** Во интерес на вистината сум принудена и по трет пат да прочитам: Маневски се заложи за професионализација на членовите на Државната комисија наспроти ставот на Тасева дека е добро во Комисијата да поминат повеќе членови. После ова амандмански интервенира Владата и го менува професионалниот статус на членовите на Комисијата. Навистина сум зачудена зошто со толкава жолчност членовите и пратениците од ВМРО ДПМНЕ ја бранат Слаѓана Тасева. Мора многу да ве задолжила.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Пред да и дадам збор на Зумрета Јакупи, госпоѓице Грковска, должност ми е да ве предупредам просто процедурално на една грешка која ви се поткраде, се разбира во жарот на реториката, не сакам да кажам дека е намерно, една навреда ви се поткраде на вицепремиерот Габриела Коневска Трајковска, кога рековте дека бидејќи таа било на постерот на ВМРО ДПМНЕ, се девалвирала како личност. Очекувам да најдете место, време и модус да се извините. Не тврдам дека беше намерно. Беше во жарот на реториката, но добро е да се извините, за вас е добро, а и воопшто за целата политичка клима, зашто таа не беше тука и не може да ви реплицира. Благодарам.

Ова беше моја процедурална забелешка, имате право да се произнесете, повелете.

**Славица Грковска:** Моја интенција беше да кажам дека се појави во спотот на ВМРО ДПМНЕ, а не на постер.

**Љубиша Георгиевски:** Добро, на спотот тоа е уште. . .

**Славица Грковска:** Тоа ја издевалвира нејзината позиција како независен експерт. Во таа насока беше забелешката, немав никаква намера за лична намера и незнам зошто така е сфатено. Во интерес на вистината, се издевалвира нејзината позиција како независен експерт.

**Љубиша Георгиевски:** Никако не беше сфатено, просто сакав јас да ја расчистиме работата и ова објаснување е прифатливо. Се надевам дека и за неа е прифатливо.

Повелете, Зумрета Јакупи има збор.

**Зумрете Јакупи:** Благодарам.

Почитуван господине Георгиевски, почитувани пратеници,

Во претпладневната расправа се даде многу добар пример од господинот Георгиевски, како постапувале членовите на Собранието во Романија кои со една Парламентарна одлука се откажале од имунитетот за една низа против правни постапки и имаат само неколку права. Тоа се неколку елементарни права од нивниот имунитет јасно утврдени со закон.

Сакам да нагласам дека Предлогот за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата е една добра цел, а општеството на Репулбика Македонија за да се ослободи од канџите на корупцијата и организираниот криминал, на тој начин по можност да се воспостави во рамките на една нормала по однос на корупцијата. Мислам дека нема потреба за брзање иако им истекот мандатот на членовите на Државната комисија. Нека продолжат овие членови кои се таму членови на Државната комисија се додека не се донесе еден вистински целисходен закон, бидејќи се работи за закон со еден сложен феномен на нашето општество. Земајќи го предвид нивото на корупцијата во нашата земја, велам вака, бидејќи во однос на дефиницијата за корупцијам тој учествува главно во злоупотребата на политичката функција, од статистичките податоци произлегува дека Македонија е на 105-то место од земјите категоризирани со корупција. Од овој аспект лично мислам дека овој закон кој има посебно значење бара еден сепартиски и сеопфатен консензус и над се, опозицијата треба да има една порелевантна улога како контролен фактор и колективен, во однос на превенцијата на корупцијата. Мене ми пречи многу оваа забрзана постапка во однос на изменувањето и дополнувањето на Законот за спречување на корупцијата, затоа што според правилото во ови случаи пратениците имаат право да поднесат амандман во рок од 24 часа пред да се стави на дневен ред Предлогот за изменување и дополнување на законот.

Затоа барам да не се брза, туку да се донесат квалитетни одлуки поради значењето во однос на борбата против корупцијата.

Предлагачот на овие измени и дополнувања менувајќи го начинот на мандатот и статусот на членот на Државната комисија за спречување на корупцијата ја измени есенцијалната причина и ја изгуби целта на Државната комисија. На тој начин членовите на Државната комисија за спречување на корупцијата се именуваат на јавен конкурс, но траењето на мандатот за некои е 4 години, за некои 5 години, посебно за претседателот на Државната комисија, толку колку што трае мандатот на Владата на начин да се овозможи манипулација и политизирање на оваа Комисија. Зошто да не биде 7-8 години, велам за мандатот, да им се овозможи комотно да се справат со корупцијата, да имаат подолг рок како Комисија против корупцијата.

Покрај ова членот на Државната комисија за спречување на корупцијата со мандат од 4 до 5 години да ја извршува должноста без стручно искуство. Со ова се ослабува стручноста и професионалноста.

По членот 48-б за член на Комисијата се предвидува правна и економска насока, зошто да не дојдат до израз и други значајни професии. Доколку овие лица имаат искуство од оваа

област можат да дадат придонес како експерти во борба против корупцијата.

Имам забелешки дека членот на Комисијата без проблем може да се инструментализира за манипулации на идната влада. Затоа би било целисходно да се ограничи изборот на членот на Комисијата за спречување на корупцијата во извршната власт. Вака ќе имаме една демагогија во борба против корупцијата.

Јас имам впечаток дека со овој закон се ослабува професионалноста и независноста на Државната комисија за спречување на корупцијата затоа што членот на Комисијата работи како волонтер и има многу изгледи да има судир на интереси, а со ова доаѓа до израз непрофесионалноста и зависноста од Владата што значи ќе се политизира членот, а не да работи како едно независно стручно тело во борба против корупцијата. Јасно е дека секаде во светот опозицијата ја контролира Владата, а не Владата да ја контролира самата Влада како што се случува кај нас Комисијата да стане инструмент на Владата, да нема компетентност, надлежности во однос на борбата против корупцијата.

Нормално е дека постојат државни органи во борба против корупцијата, но Државната комисија за спречување на корупција треба да биде како едно демократско око кое ќе ги забележува корупциите на начин да даде придонес во борба против корупцијата. Затоа е потребно да имаме една независна државна, професионална комисија, а не политизирана и партизирана.

Апелирам овој Предлог за донесување на закон да се врати во фаза на Предлог на закон или во прва фаза, бидејќи овие измени треба да се донесат со консензус, со двотретинско мнозинство од гласовите во Парламентот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи Агрон Буџаку не е присутен, му давам збор на господинот Хани Тахир, повелете.

**Хани Тахир:** Благодарам.

Почитувани пратеници, почитувани колеги, расправата за Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за борба против корупцијата се развива и е тема која е доста чувствителна за Република Македонија. Се знае дека Република Македонија е меѓу оние држави кои се со висок степен на корупција и од сите забелешки или препораки од Европската унија и од многу други алеати на Република Македонија е тоа дека Република Македонија треба да го намали степенот на корупцијата, а тоа не значи дека степенот на корупцијата ќе се елиминира затоа што не може да се елиминира до тој степен за да има нула степен на корупција, меѓутоа, да се стави во нормални рамки.

Меѓутоа, со Предлог-законот на Владата ќе имаме изменување на Законот за борба против корупцијата и овој Предлог-закон е значајно да добие на квантитет односно квалитет затоа што постигнувајќи повисок квалитет на оваа Комисија за спречување на корупцијата и имајќи предвид дека оваа Комисија како независен орган, како независна институција ќе игра многу значајна улога во превенирањето и спречувањето на корупцијата затоа што од самата дефиниција корупција, верувам дека можноста за корупција ја имаат политичките лица кои раководат и се на високи функции.

Овој Предлог-закон треба да има можност да добие широк политички консензус од сите политички партии затоа што нивото на кое ќе ги поставиме сега и тие законски измени кои ќе се направат денеска сигурно ќе бидат во интерес на целото општество, но тие стандарди кои овој Парламент ќе ги постави денес ќе се искористат од новите генерации пратеници кои ќе дојдат во овој Парламент.

Сакам да нагласам дека оваа Комисија во минатото докажала дека независно од функцијата односно членовите на оваа Комисија на чело со актуелниот министер Михајло Маневски има таква претстава изгледа како да се користела оваа Комисија за пропаганда што значи дека има играно улога на политичка партија со самиот факт што еден претседател на таква Комисија се ангажирал долг временски период во борба против корупцијата и организираниот криминал со мандат кој го добил од овој Парламент на начин да биде независна институција, тој за еден временски период ја играл таа улога на помагач на една политичка партија, ја играл улогата на помагач на создавање на предуслови за една пропаганда во партиски интерес. Наспроти тоа, наградата е таа еден претседател на една таква комисија добива улога на министер за правда, на еден многу значаен орган, орган во кој ќе следат судските реформи, како препорака на Европската унија.

Јас мислам дека  борба против корупцијата е значајна потреба на самото општество, на Република Македонија затоа што, доколку имаме пониска корупција толку општеството ќе биде постабилно. Интересот на овој Парламент е да донесува закони кои ќе бидат во функција на стабилноста на земјата, во функција на создавање на подобар политички амбиент затоа што знаеме дека создавањето на подобар политички амбиент ќе создаде предуслови ова да се одрази и кај граѓаните на начин што ќе се создаде стабилност и подобра перспектива.

Сакам да го кажам тоа дека доколку оваа Комисија даде резултати кои ќе бидат позитивни и добри во нашето општество со тоа што ќе се намали степенот на корупцијата ќе создаде поприлагодлив амбиент во економската сфера, област каде странските инвеститори ќе имаат можност или ќе стекнат доверба дека за нивните инвестиции во Република Македонија со што ќе влијаат директно на економскиот развој во Република Македонија. Ова е основниот интерес, верувам и на секоја влада, меѓутоа, секоја влада првиот успех ќе  го одрази со тоа кој ќе биде степенот на корупција во земјата. Ќе видиме дека сегашното владеење на оваа влада која е на почетокот од својот мандат сеуште нема ни три

месеци, но сигурно нејзиното ангажирање денеска во јавноста дека ќе го намали степенот на корупцијата, има нагласено ангажирање во насока на намалување на корупцијата. Сакам да нагласам дека оваа Влада треба да создаде добар амбиент, позитивен амбиен и во овој закон и вие како претседател на ова Собрание треба да создадете предуслови законот да се донесе со апсолутен консензус на политичките партии затоа што борбата против корупцијата е обврска или цел на сите политички партии независно од силата на политичките партии било да се позиција или опозиција или помали политички партии со помал број пратеници. Политичките партии со својот број на пратеници што го имаат не можат да одиграат доминантна улога при донесувањето на еден закон така што постигнувајќи политички консензус, тоа што и вие го нагласивте малку порано дека на една средба со координаторите на политичките партии сте успеале да постигнете консензус расправата да биде поконструктивна и ќе ги намали дискусиите на пратениците. Јас мислам дека потребата од овој закон е начинот на гласање да не биде со апсолутно мнозинство од 61 пратеник, туку да има минимум двотретинско мнозинство, тоа би значело поголема доверба од страна на овој Парламент. Со тоа ќе се опфати формата на расправата и дебатата, но и потребата од содејство и дијалог меѓу позиција и опозиција и создавање потребни предуслови да се изгласа еден толку значаен закон.

Вие спомнавте дека во Романија сте имале лично искуство, во Романија за еден краток период од една дефанзива во работата против корупцијата премина во една брза офанзива и за брз временски период стана членка на Европската унија и многу брзо ќе биде дел од Европската унија. Оваа субвенција сигурно Романија ја постигнала со тоа што докажала дека има радикален пристап, забрзан пристап во процесот на реформирање. Меѓутоа, за да биде процесот на реформирање на политичкиот систем за брз временски период со поголема брзина сигурно игра улога и политичкиот амбиент создаден во овој Парламент, политичкиот амбиент каде и опозицијата ќе биде составен дел и директен учесник при создавањето на политиката на оние политички определби кои ги имаат сите политички партии. На еден апсолутен начин сите политички партии имаме определба за интегрирање во Европската унија и во структурите на НАТО Алијансата. Тоа значи, доколку сакаме Македонија колку што е можно побрзо да ги исполни тие стандарди кои се предвидени и препорачани од страна на Европската унија за зачленување во истата и на Самитот во Рига да создадеме потребни предуслови и позитивни точки во оваа насока за да бидеме, колку што е можно поблиску до Европската унија и до НАТО Алијансата сигурно дека треба да воспоставиме добар дијалог, а не дијалог за да се даде материјал на новинарите да известуваат, туку навистина треба да имаме вистински дијалог на сите политички партии во Парламентот на начин да пристапиме на проблемите на многу порадикален начин со поквалитетно реформирање на политичкиот систем исполнувајќи ги интересите и потребите на сите граѓани во Република Македонија.

Свесни сме дека Република Македонија е мултиетничка држава, мултиконфесионална држава и со тоа што е таква сигурно дека при реформирањето на политичкиот систем во измените и дополнувањата на законите и донесувањето на законите треба да се земат предвид и интересите на сите заедници кои живеат во оваа држава. Ние треба да направиме максимален обид во насока на тоа ова Собрание да создаде таков амбиент и средина која ќе биде пример за сите граѓани.

Релаксирањето на односите позиција-опозиција и меѓу разните партии ќе создаде релаксација на граѓаните или оптимизам кај граѓаните дека Република Македонија навистина плива кон мирни води, навистина плива кон иднина и градење на демократска држава каде сите граѓани ќе се чувствуваат рамноправно пред правната држава.

Ова е суштината на тоа што и во овој Предлог за измена и дополнување на Законот за борба против корупцијата мислам дека треба да се земе предвид интересот на сите граѓани, изменувањето на законот се предвидува претседателот да се избере на пет години и да се откаже од формата за избор на претседател како што било досега. Треба да им се даде можност на сите членови на Комисијата за да бидат претседавачи во едногодишен мандат, како што било и сега со процесот на ротација, мислам дека ќе имаме можност многу членови на оваа Комисија да вршат функција претседател на Комисијата и да имаме можност да нема узурпирање на еден член на Комисијата за пропагантни цели нешто што е можно во политичкиот систем, тогаш треба да важи начелото на ротација за да немаме 4-годишен мандат на еден претседател и тој да може да ја злоупотреби функцијата. Самата логика на избирање на Михајло Маневски како министер за правда кој беше во една независна комисија произлегува дека тоа може да се злоупотреби од претседателот на ваква комисија, уште повеќе кога еден таков член ќе има 5-годишен мандат на избор од страна на Комисијата.

Што се однесува до тоа дали оваа Комисија треба да биде професионална или да го има досегашниот статус како сега, мислам дека над се е интерес оваа комисија да функционира и да ја врши својата работа чесно, да дава позитивни резултати во оваа насока над се е многу позначајно оваа Комисија да го подобри степенот на корупцијата во Република Македонија, тоа ќе биде превентива со тоа што ќе ги создаде тие, повеќе од потребни, предуслови за да Република Македонија се придвижи од 105-тото место каде што е и да оди на повисоко рангирање со помала стапка на корумпираност.

Мислам дека овој Предлог-закон некои забелешки треба да се земат во предвид на начин да се постигне еден потполн консензус, за да помине колку што е можно побрзо и да се донесе. Би било добро некои забелешки што ги има дадено ДУИ преку претседателот на парламентарната група, мислам дека во иднина ќе имаме разбирање на начин овие забелешки да се инкорпорираат во оваа измена. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Трајко Вељановски, повелете.

**Трајко Вељановски:** Ви благодарам претседателе, почитуван претставник на Влада, почитувани колеги.

Денеска имаме еден, по мене, значаен суштински и битен закон, закон за измена на Законот за спречување на корупцијата, корупција која во Македонија длабоко тонеме, корупција и економскиот развој го спречува во Република Македонија и корупција која треба да се анулира, треба да се сузбие. Тоа се прави со законски рамки, се прави со одредени мерки кои треба да се спроведат.

Во Република Македонија сеуште не е воспоставен еден комплементарен систем на мерки за превенција и репресија на корупцијата за што постојат неколку поголеми пречки кои би можеле да се систематизираат во одредени групи.На пример, недоволно воспоставен предфункционален систем на поделба на власта на законодавна, извршна и судска, непостоење на независни институции за превенција и репресија на корупцијата, исто така многу битно непостоење на систем за взаемна и хоризонтална контрола меѓу институциите.

Исто така корупцијата е спротивна на начелата на владеењето на правото и на пазарната економија како и укажувањето од домашната и меѓународната стручна јавност, корупцијата воведува проблеми со кои во оваа сфера се соочува Република Македонија. Тоа се многу големи проблеми кои претходно кажав, не даваат да има економски развој во Република Македонија.

Исто така во последните неколку години се направени истражувања во сферата на причините и последиците кои укажуваат на постоењето на корупцијата.

Според тие истражувања и анкети укажуваат дека имаат висока застапеност на корупцијата и тоа оневозможува странските инвеститори да бидат едни од клучните фактори за директни странски инвестиции кои се неопходни во економскиот развој. Исто така, со тие директни странски инвестиции за отварање на нови работни места. Истражувањата укажуваат дека корупцијата е прифатена како начин на живеење во Република Македонија, што не е добро. Тие истражувања покажуваат дека во 1999 година ние како Република Македонија сме биле на 66-то место. Наместо да го намалуваме местото, ние го зголемуваме. Со последните истражувања, знаете бевме на 105 место, заедно со некоја држава, која што никој не ја познава. Зарем ние смееме и треба да дозволиме Република Македонија да биде на толку високо место по корупцијата е неопростливо. После толку години на транзиција ние да се давиме во корупцијата и да не овозможуваме, што е многу битно, економскиот раст. Таа е голема пречка за економскиот раст. Јас можам да кажам дека претходната власт на ВМРО-ДПМНЕ се зафати и го донесе Законот за спречување на корупцијата. Можам да кажам со задоволство дека единствен закон кој што се спроведува во три фази. Имаше потреба за донесување на закон, имаше нацрт на закон, кој што одеше на јавна расправа, исто како што одеа уставните амандмани на јавна расправа и тој закон одеше на јавна расправа. Со почитуваниот професор Камбовски, одевме на јавна расправа и објаснувавме одредени решенија, кои што постојат во овој закон. Мислиме дека овој закон не е совршен, но добро е што се донесе. Се донесе во 2002 година на почетокот по фази во кои што се исцрпија сите дискусии. Сите јавни расправи укажаа што треба да се донесе во законот. Сите стручни тела, институции, укажуваа по јавната расправа и доставуваа преку Собранието до Министерството за правда, кое е нивното мислење во однос на Законот за спречување на корупцијата. Исто така се согласувам дека откако беше донесен тој Закон за спречување на корупцијата, тогашната власт, која што ја предводеше ВМРО-ДПМНЕ, не ја состави таа комисија. Тоа беше пред пет - шест месеци пред изборите. Само со една цел дека тогашната комисија ќе преговараше дека ние пред избори почнуваме одредени комисии да составуваме и тогаш ќе кажат дека ги партизираме, само со таа цел дека Законот, откако ќе завршат изборите ќе се состави таа Државна комисија за спречување на корупцијата. Тоа се направи. Тогашната власт СДСМ по изборите во ноември месец ја состави таа комисија со персонален состав на таа комисија за спречување на корупцијтата. Откако беше донесен тој закон 2002 година, се направија две измени на тој закон. Едната измена беше во 2004 година. Исто така имаше и една одлука на Уставен суд во однос на одредени одредби што беа укинати од страна на Уставниот суд. Во Законот за изменување и дополнување за спречување на корупцијата, кој што ни е овде доставен, ние во овој ден ипол расправа, пратеничката Славица Грковска говореше цело време и овој Закон кој има преку 40 члена, тие го сведоа само на еден член, на еден амандман во однос на составот на Државната комисија дека не треба да биде составена од професионално ангажирани луѓе. Има многу добри решенија. Никој од опозицијата не ја пофали власта дека овие решенија се добри. Ние сите пред изборите, еве Оливер Спасовски тоа го спомна, кажуваме дека има недостаток во Законот, затоа што пишува во Законот за спречување на корупција во текот на изборната кампања, има одредени надлежности Државната комисија за спречување на корупцијата. Сега со овие измени на Законот

се дава надлежност од денот на распишување на изборите. Точно така и треба да биде. Затоа што од денот на распишување на изборите се преземаат одредени изборни дејствија, кои што тие изборни дејствија понатаму даваат свои репрекусии на самите избори. Нормално е дека треба од тој ден да има одредени надлежности Државната комисија за спречување на корупција и тоа е добро, да се пофали, да се каже дека во овој Закон тоа решение е добро. Исто така е добро во членот 10 по мене и мислам дека тука треба да добиеме и одговор од Министерството за правда. Во однос на пополнување на анкетен лист во рок од 30 дена, по престанувањето на функцијата.

Јас лично сметам дека има одредени недостатоци при различно толкување на Законот. Некое лице кое што стапува на функција, доставува анкетен лист за одреден временски период ја практицира власта, ја практицира функцијата и можеби за тоа време неосновано или основано се збогатил по преминување во друга функција, тој само доставува една изјава во која што вели и укажува дека нема одредени промени во однос на имотната состојба. Јас би рекол дека тој по престанување на функцијата, односно преминување во друга функција, повторно треба да пополни анкетен лист. Стриктно да си даде изјава дека се откажува во однос на надлежноста на банкарска тајна и друго.

Исто така сметам дека добро е решението во кое што се опфатени службените лица. Корупцијата не постои само кај избраните лица и именуваните. Корупцијата можеби и најмногу е распространета кај лицата кои што се вработени во државните органи. Тие се најнепосредни во додир со граѓаните. Тие се во непосреден контакт со граѓаните. Тие најмногу можат и бараат можеби одредени бенифиции, одредени услуги, одредени коруптивни дејствија. Тие се во голем број. Добро е што овде се опфатени дека и државните службеници треба да пополнат анкетен лист. Но, како што е кажано во самиот Закон, бидејќи Државната комисија за спречување на корупцијата не може да обработи толкав број на анкетни листови, дадено е на органот каде што е вработено тоа службено лица, државен службеник, да пополни анкетен лист и по барање на Државната комисија за спречување на корупцаја за одредено лица, да се достави до Државната комисија. Тоа е добро решение. Исто така, добро е тоа решение кое што кажува јавност на анкетниот лист. Член 35, податоците од анкетниот лист претставуваат информација од јавен карактер, освен податоците нормално заштитени со закон. Ја гледавме парадата во 2002 година од одредени функционери од тогашанта власт кои што дури и јавно се сликаа со анкетните листови што ги доставуваа и дури имаше натпревар кој е посиромашен во својата имотна состојба во однос на стапувањето на таа избрана функција. Кога ги гледаме тие функционери, имаше сега во јавноста, откако ја напуштија функцијата, дали јавно ги кажаа своите анкетни листови со каква имотна состојба тие функционери ја напуштија. Не. Еве во јавноста имаше расправа за тоа, имаше барање кон опозиционата СДСМ со голем број на нивни функционери тогаш ја практицираа власта и им престана функцијата, им престана мандатот, им престана именувањето и јавно не го кажаа анкетниот лист со каква имотна состојба тие излегуваат, а во 2002 година правеа парада, дека на тој начин тие многу придонесуваат за борбата против корупцијата со тоа што јавно го кажуваа анкетниот лист. Нека го кажат сега анкетниот лист како излегле од функцијата. Дали основано или неосновано го зголемиле својот имот. Туку тогаш имаше натпревар кој да биде посиромашен избран или именуван функционер.

Во членот 16, во Законот за спречување на корупцијата, во измените, цело време од страна на опозицијата што кажав во репликата, се укажува дека Владата Законот го менува статусот на лицата што се членови на Комисијата за спречување на корупцијата. Статусот, да бидат професионални лицата е направен со измените на Законот во 2004 година, кога беше СДСМ на власт, со тоа што преодното решение кажаа дека ново избраните лица во Државната комисија за спречување на корупцијата, тие ќе бидат професионалци, а сегашниве непрофесионално ја обавуваат до престанок на мандатот. Значи, со овој Закон за измени и дополнувања на Законот за спречување на корупцијата, кој што е доставен на 1 ноември во Собранието на Република Македонија, ништо не е променето во тоа. Не е одено на тоа, каде што сака да се изврти тезата дека со тие измени со тие законски одредби е кажано дека од непрофесионално станало професионално, па после 9 дена Владата се премислила па од професионално, има амандман за непрофесионално. Професионалниот статус го воведе тогашната власт во 2004 година. Добро е, како што има укажување, препораки, не е препорака, цело време вие спомнувате Тасева. Таа ви беше ваш многу омилен кадар во 2002 година. Во 2002 година таму како парада имаше во медиумите, тогашниот претседател на Собранието се сликаше со неа како претседател на Антикорупциската комисија, заедно со Зоран Јачев и укажуваше, еве вие предложите еден член кој ќе биде во Државната комисија за спречување на корупцијата. Дека од невладините организации предлагате лица, значи, непартизирани лица. Цело време, додека таа Комисија, односно таа личност даваше одредени коруптивни дејствија што се случувале во претходната власт, за вас беше добро. Откога почна да ги испрашува вашите корупции, откога почнаа да излегуваат бачилата, стана личност која е најомразена меѓу вас. Овие препораки и заклучоци не се од таа личност. Тоа е од Конференција. На Конференцијата има многу и домашни и меѓународни лица. Тие се најбитните за давањето оценка за Република Македонија дали има сили за борба против корупцијата, или

нема. Тие укажуваат и тие препорачуваат. Од тие препораки кои што вие ги мавтате цело време и јас ги имам тука. Вели, да се преиспита предложеното законско решение во поглед на мандатот и составот на члeновите во идниот состав на Државната комисија за спречување на корупција. Тие укажуваат дека не може едно тело да биде независно во борбата против корупцијата, ако тоа биде владино тело. Ако има професионален статус, тие лица стануваат зависни од Владата. Стануваат зависни во однос на нивната плата, стануваат зависни, во однос на нивниот статус што го имаат и е неизвесна судбината дали поле престанување на нивниот мандат ќе можат да се вратат на таа функција или тоа работно место што го обавувале. Тоа го велат меѓународните организации. Вие ако сакате да го признаете и да дадете придонес она што го бараат меѓународните организации, треба да го прифатите тоа. Добро е што Владата излегла со такво решение со кое што непрофесионалниот статус на лицата во Државната комисија за спречување на корупцијата ќе биде по мене, како што кажува сега и Владата по амандманот, поголема независност во борбата против корупцијата. Затоа, не би требало цело време да ја сведувате таа Конференција на одредени укажувања на една или на друга личност. Таму, како што кажав и учествуваа многу меѓународни и домашни организации и го дадоа својот придонес, во однос на овие заклучоци и препораки. Тоа што госпоѓата Слаѓана Тасева го има доставено овој допис и овие заклучоци, тоа го има доставено како ВД претседател на Комисијата за спречување на корупцијата. Не по нејзино лично. Ова е преземено од Конференцијата. И еднаш треба да и биде и на јавноста јасно да не се извитоперуваат фактите, да не се дава погрешна теза и врз основа на таа теза да се дебатира. Овие се препораки и заклучоци од Конференцијата која ја организирала Државната комисија за спречување на корпуцијата.

Исто така, би сакал да укажам, зошто толку да зависи борбата на корупцијата дали тие лица ќе имаат статус на професионални или непрофесионални. Има и во самот закон и вие знаете дека Државната комисија за спречување на корупција има секретаријат, има вработено 9 лица, кои што се државни службеници. Тие лица се независни лица. Тие лица се грижат за независноста на тоа тело. Тие лица придонесуваат во однос на преработката на тие материјали и во однос на припрамата на материјалите на члeновите на Државната комисија за спречување на корупцијата. Дали тоа значи ако члeновите се професионалци доаѓаат од 8 до 15 часот на работа, па ќе станат по независни, поголеми борци за спречување на корупцијата. Не, и вие размислите дали овие члeнови кои што сега се члeнови на Државната комисија за спречување на корупцијата, дали ќе можеа да одолеат на притисоците на власта, ако беа вработени таму. Не. Нема да дозволеа. Мислам дека таму се тројца адвокати кои што се члeнови на Државната комисија за спречување на комисијата. Ако нивниот работен однос беше во мирување, со страхување ќе покажеа во однос на притисоците, затоа што не ќе можат да се вратат на функцијата, затоа што во еден претходен период има вакум кои што не можат туку така да влезат во своите предмети кои што претходно ги обавуваа. Сметам дека е добро решението во однос на непрофесионалниот статус на члeновите на Државната комисија за спречување на комисијата и мое мислење и мислам дека преовладува мислењето во јавноста, дека голем број на овие члeнови, иако беа избрани од претходната Влада го покажаа својот дострел, својот максимум во однос на независноста, во однос на укажувањето на одредени коруптивни дејствија што се случуваа и во претходната власт и пред претходната власт. Но милам дека успеаа тоа да го направат само од една причина што немаат професионален статус. Доколку станеа владини службеници, доколку имаа професионален статус и беа под капата на Владата, не ќе можеа да одолеат на притисокот на власта, поготово од кога почнаа да излегуваат бачилата, од кога почна да излегува временскиот период кога претходната власт требаше да биде обработена дали има коруптивни дејствија или нема.

Јас се сеќавам и претходно кажав, до 105 место е по корупција Република Македонија и сакаме економски раст. Нема. Се сеќавам на една легендарна изјава од претходниот министер за финансии, а тогаш беше претседател на Собранието, откако се избра Комисијата за спречување на корупцијата во ноември 2002 година, по еден месец го прашуваат до каде е со борбата против корупцијата, тој кажа, нема корупција. Значи, тие од кога дојдоа, СДСМ од кога е на власт, престана корупцијата. Не, не престана корпцијата. Дека не престана, покажува 105-то место по корупција, што Република Македонија го има на ниво на светот.

Исто така, се испревртуваат едни претходни тези дека оваа Влада често менувала во фазата на собраниската расправа амандмани. Можеби, овој амандман по мене е добро што е поднесен. Дали само заради тоа што откако била завршена Конференцијата не смеела Владата да интервенира. Ако е секое решение добро, нема потреба да се укажува за тоа во која фаза да интервенира. Битно е и суштината е какво решение предлага Владата. Дали е добро или е лошо и тука треба Собранието да дебатира, да расправа и да укажува, дали тоа решение е добро или е лошо.

Јас само би ја потсетил претходната власт, сега опозиција. Вие господа за Изборниот законик дававте еден текст на Венецијанската комисија и добивте мислење по тој текст на Венецијанската комисија. Овде во Собранието предлагавте друг текст и мавтавте со мислењето од Венецијанската комисија, која е дадено по друг текст. Тоа исто го направивте по уставните

амандмани. И вие демагошки ќе укажувате за непринципиелноста на Владата. Исто така овде е укажано на одредени одредби од Законот за спречување на корупцијата, а и самиот член на законот укажува дека со тој закон треба да се спречи корупцијата.

Откако ќе дојдат корупттивните дејствија, тие ќе се откријат, тогаш стапува на сила друг орган, а тоа е јавниот обвинител, кој што знаете и вие, имаше толкав спор меѓу Антикорупциската комисија и Јавниот обвинител што не сакаа да се погледнат, а камо ли да соработуваат. Имаше многу дејствија кои што Антикорупциската комисија ги укажа дека нејзината надлежност е само да укаже дека има корупттивни дејствија во одредени делувања на власта, на одреден функционер или слично, понатаму нормално надлежноста е на јавниот обвинител. Согласно Уставот, согласно законот Јавниот обвинител е тој кој што покренува обвинение против одредено лице ако има кривично дело. Но, бачилата, како што кажа еден колега и вели кога се формираше првата влада, секоја влада има свои бачила. Вашите беа огромни бачила и безброј бачила. Кога почнаа при крајот на мандатот да излегуваат не се знаеше колку има бачила, да не кажам друго. Значи, голем број беа вашите бачила. Дури синоним стана бачилото како што вие го измисливте тоа криминално дејание со тие бачила. Не знам дали се сеќавате на предлогот од Антикорупциската комисија што го даваше за разрешување на поранешниот директор на Агенцијата за млади и спорт кој беше претседател на младите во СДС. Две години ве молеше да го разрешат, затоа што очигледно има докази дека има корупција, корупттивни дејанија. Вие не го разрешувавте и вие се боревте со корупцијата. Вие така се боревте со корупцијата, затоа и паднавте. Дајте и можност на оваа влада, дајде и време на оваа Влада, ако и таа прави како вие што сте правеле нормално дека ќе падне, граѓаните не опростуваат. На оваа Влада и е дадена доверба, вие уште сто дена почнувате да ја напаѓате. Уште сто дена не и давате на Владата да ја напаѓате. А нон стоп Владата работи и дава свои предлози, кои што понатаму треба време во однос на тие законски предлози да се имплементираат и даде свој ефект во економскиот, во примената на тие законски решенија кај обичниот граѓанин.

Исто така, кажа тогаш господинот Јани Макрадули во неговиот говор дека требало да предлага опозицијата членови. Вие ја имавте таа можност. Во 2002 година, зошто не го напраивте тоа? Зошто не и дозволивте на опозицијата тогаш да кажете, односно пратеникот Јани Макрадули кажа дека опозицијата треба да има 4 члена да предлага, а позицијата односно власта 3 и да има мнозинство, условно да кажам од опозицијата. Па вие ја имавте таа можност да го направите во 2003 година. Вие не го направивте. Вие поставивте точно партиски лица, кои сега јас претходно кажав, тие без оглед што се партиски лица од вашиот партиски дневници изникнати, си ја одиграа добро улогата. Но дека се партиски, се партиски. Сакате да ги набројуваме кои се тие. Сите тие беа од ЛДП, беа од СДСМ беа од ДУИ. И, мислам дека во однос на тоа составот на Државната комисија за спречување на корупција треба да биди многу јасно и децидно кажано. И добро е што по мене Владата го зазема тој став и го поднесе амандманот, дека оваа Комисија треба да биде составена од лица со непрофесионален статус, за да може да си ја одигра својата улога.
И јас сметам и се надевам и посакувам оваа Влада и на следното истражување од 105 место се подолу и подолу да бидеме. Да не се граничиме и да не се натпреваруваме со некоја држава. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика Герамитчиоски Тале.

Други за реплики?

Втор после Герамитчиоски Тасевски Оливер.

Хасипи Ќенан, реплика? Не, за збор.

Значи, Герамитчиоски Тале.

Значи, прва госпоѓа Топузова Каревска Роза, три минути, Герамитчиоски Тале, 3 минути, Спасовски Оливер, 3 минути. Со тој редослед.

Повелете госпоѓо.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, колеги пратеници, почитуван колега Велјановски.

Навистина јас како и вие сакам конечно Македонија да се помести од 105 место на листата за корумпирани теми. И онака како што ја почнавте дискусијата мислев дека навистина ќе имаме еве можност парламентарното мнозинство и опозицијата да конструктивно дебитираме по еден закон кој што, како што самиот вие кажавте и апсолутно во право суштествено значење за развојот на економијата во Република Македонија.

И, се беше добро, меѓутоа не сочекавте да ги слушнете сите говори и навистина добро е од страна на опозицијата, да се поддржат и пофалат добрите решенија и јас тоа ќе го сторам во мојот говор, сеуште не сте го слушнале она што е добро како што е одговорноста на политичките партии, потоа имотните листови, транспарентноста околу имотот на избраните функционери а и дреугите службеници како што рековте и да не повторувам.

И, се беше во ред до членот 16 каде што веќе почнавте да водите една дискусија во голема мера популистичка и да ја обвинувате опозицијата зошто реагира на постапката. Па нормално е почитуван колега Велјановски да реагираме на постапката.Затоа што ова е трет пат да се доставува еден закон. За тој закон да дебатираме на работните тела, на самите работни тела, доаѓаме во непријатна ситуација како пратениците од парламентарното мнозинство, така и од опозицијата, да пофалиме едно законско решение, во конкретниот случај професионалниот однос на членовите на

Државната комисија за спречување на корупцијата, а потоа од кога ќе влезе веќе во расправа на пленарна седница да добиеме амандман, со кој што се прават суштински измени. Навистина е многу непријатно ако еднаш се дискутирало во една насока,сега веднаш да се промени ставот. Ништо не ве оправдува со тоа, што ова било донесено во 2004 година. Да. Законот беше донесен во 2004 година, но вие оваа Влада ни понуди измени на законот. Ако сметала дека тоа не е добро законско решение можела да го промени. А не и самиот заменик министер да каже дека е добро, дека се доаѓа до поголема независност на ова тело, доколку оваа професија се обавува професионално функцијата на членовите на Државната комисија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика Велјаноски Трајко. Повелете.

**Трајко Велјановски:** Излагањето од Роза Топузова-Каревска, можам да кажам дека, јас не се согласувам дека во самата расправа и во самиот претрес при законот, Собранието да се менува. Но, битно е и многу суштинско, дали таа измена е добра. Овдека никако не се дебатираше по тоа дали е тој амандман добар или не. И исто така, зошто можда да е донесен тој амандман од Владата. Затоа што тоа е препорака од Третата конференција која што претходно кажав, што е направена во Струга.

По однос на имплементирање на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и укажано е на таа конференција дека непрофесионалниот статус на членовите на Државната комисија за спречување на корупција ќе дадат поголема нивна независност. И затоа добро е што Владата ја прифатила таа препорака. Но, така се десило, случајот во која што амандманот влегува во собраниска процедура по завршувањето на таа конференција и по расправата на комисиите.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Тале Герамитчиоски, реплика три минути. Повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам претседателе,

Од оваа говорница беа искажани еден куп инсинуации. Што колегата прејудицираше кон јавноста. Дали оние кои што имотните листови транспарентно не ги објавиле бивши функционери од Социјалдемократскиот сојуз, ги обвинува за нешто, ги прави криви или инсинуира дека се занимавале со некои криминални активности. Ако е тоа така, инструментите се во нивни раце, можат да покрена постапки. Инсинуациите се многу тешка работа и фрла лага на сите луѓе. Колегата е искусен правник и знае дека тоа е многу лоша пракса.

Зборува за нашиот став кој што го дебатираат сите претставници од опозиционата страна. Не е проблемот само околу професионализацијата. Се отворија низа прашања кои што со амандманите вршат суштинска промена на законот. Значи петгодишен мандат се дава на членовите на Комисијата. Еден претседател со петгодишен мандат, што мислиме дека е навистина многу лошо решение. И, клучниот проблем составување на составот на Комисијата, идниот состав на Комисијата. Дали тоа ќе предизвика партизација, или не. Ние имаме чист став уште од 2004 година, сме се изјасниле за статусот на членовите на Комисијата и не го променуваме. Али од говорницата да кажувате дека вршиме некои замајувања на јавноста, со тоа што тврдиме дека сте го промениле текстот, па тоа е навистина смешно. На 1 ноември доставувате еден текст на измени на законот, а на 7 ноември амандмански се врши суштинска измена на клучните прашања во делот на статусот на членовите на Комисијата. Каде е вашиот придонес кога веќе го дискутирате по однос на законот, на други клучни прашања. Што законот решава со новите измени во поглед на кооперативноста, односно соработката на сите институции со Комисијата она што во претходниот период недостигаше и го воочивме сите. Можеби провоциравте и јас да се јавам за дискусија, ќе го користам тоа право подоцна.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Трајко Велјановски, контра реплика една минута.

**Трајко Велјаноски:** Вака, во однос на првиот дел од страна на пратеникот Тале Герамитчиоски би кажал.

Јас ги кажав фактите. Ако вас ве болат фактите, тоа е веќе друго. Фактите укажуваат дека вие во 2002 година дури демагогија вршевте. Се сликавте дури условно да кажам со анкетните листови и укажувавте дека сте многу сиромашни, некои кажуваа.

Но, многу е битно за корупцијата, не со каков имот ти влегуваш на одредена функција. Дали има коруптивни дејствија кај одредено лице, кај одреден избран функционер, именуван функционер, но многу е битно со кој имот те напушта функцијата. И во јавноста имаше дека тие функционери тогаш што ги кажуваа анкетните листови, не го направија, туку ја напуштија функцијата. Тоа го имаше во јавноста. Беше прашувана пратеничката група на СДСМ, таа немаше став во однос на прикажувањето јавно, на анкетните листови на тие лица што ја напуштаа функцијата.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика Оливер Спасовски, повелете една минута.

**Оливер Спасовски:** Благодарам претседателе,

Сакам во неколку сегменти да реплицирам на колегата Трајко Велјаноски.

Првин, во однос на постапката за донесување на законот. Факт е, тоа го кажавме, реагиравме на собраниските тела, дека постојаноста настојува законите во Република Македонија во овој мандатен период да ги донесуваме по скратена или итна постапка. Рековме ќе бидеме

конструктивни кога тоа е во интерес на државата и на граѓаните на Република Македонија. И тоа го правевме така. Ова е очигледен пример за нашата конструктивност во работата на работните тела, кога навистина укажавме на сите добри работи.

Јас во мојата дискусија кога говорев, зборував и за подобрување на законот во смисла на политичкото делување и во смисла на службените лица, објавувањето на анкетните листови и тн. И, токму заради тоа, тоа не го коментиравме во нашите дискусии. Го кажуваме како позитивно овој законски проект кој имаше за цел, и во причините беше наведено да се подобри решението на законот, се со цел да имаме ефикасна борба против корупцијата и криминалот.

Меѓутоа, тврдам дека Владата на овој начин сака да наметнува една сопствена позиција, на замолчување на опозицијата, токму кога вакви важни законски проекти. Токму од тој аспект кажавме дека со ова не се сака да се створи ефикасно тело кое што гледам и денеска сакатa да ја минимизирате улогата на Антикорупциската комисија, која што претставува алка во синџирот во борбата против корупцијата и на тој начин да го направите ова партиско тело кое што ќе ги штити носителите на функциите, на страна на една политичка елита во тој дел.

Ако е ова препорака од конференцијата во Охрид и нека биди и Струга, на 2 и на 3, на 7 Законодавно-правната комисија министерот жестоко го бранеше овој, претходниот концепт на законот. А истиот ден се доставуваат амандманите од Владата за делот не непрофесионализација на делот на петгодишниот мандат и неротирање на претседателското место. Заради тоа опозицијата реагира.

И, на крајот мислам дека заради доброто и на Македонија и на граѓаните треба многу повеќе да се посветиме на иднината. Да не се враќаме назад, на претходните мандати. Можеби некогаш е добро и тоа да не спомнуваме ниту бачила, ниту некои други афери. Она што го направивте во периодот 1998-2002 година во Куманово, е нешто преголемо, за сите други забелешки што ги наоѓате за време на владеењето на СДСМ.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за господинот Трајко Велјаноски.

**Трајко Велјановски:** Во однос на ова последното што го кажа пратеникот Оливер Спасовски.

Јас се согласувам дека треба да гледаме кон индината, но од време на време треба да се потсетуваме на минатото и на одредени работи што некои во свое време ги прави, да не се заборави, да не стане голем демократ.

Во однос на тоа дали е добро тоа што Владата го поднела амандманот.

Јас кажав дека е добро амандманското решение и добро е што е почитувана поракатa од конференцијата одржана во Струга и каде е укажано, тие ни препорачуваат, не ни налагаат, дека понезависна ќе биде Државната комисија за спречување на корупцијата, ако лицата кои се членови на Комисијата непрофесионално ја обавуваат оваа функција, бидејќи не се зависни од Владата. Тоа е препораката и добро е што Владата ја прифатила таа препорака. Добра е препораката и амандманот е добар.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Заради мои итни протоколарни обврски, предлагам пауза од десет минути.

(По паузата седницата продолжи со работа во 17,44 часот.

**Љубиша Георгиевски:** Иако има доста пријавени за збор, ми се чини не би имале многу против ако тука ја прекинеме седницата, затоа што веќе се чувствува замор кај пратениците, јас барем така чувствувам. Имаме уште 15 минути, па ако немате ништо против нека остане целиот овој редослед, со кој практично се исцрпени скоро сите говорници.

Ќе продолжиме во четврток во 11,00 часот, но ќе имаме ангажмани и активности во вторник и во среда со американските конгресмени, кои ќе ни гостуваат. Препорачувам во вторник и во среда комисиите да си ги извршат сите обврски, да ги обават сите работи, состаноци и тн., за да не се губат тие денови. Во четврток во 11,00 часот продолжуваме овде каде што застанавме сега.

(Седницата прекина со работа во 17,45 часот)